Секое утро Утрински брифинг на www.slobodenpecat.mk / www.slobodna.tv

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918

9 771857 891004

**Арсовска**
Во очекување на подобра 2021



**Столтенберг**
Северна Македонија, добре дојде во семејството на НАТО!



макс. дозволено 50 μg/m3
Скопје Илинден
140 μg/m3
PM 10
mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 3 | 15 |
| Охрид | 4 | 11 |
| Битола | 2 | 14 |
| Маврово | 2 | 7 |

ПОНЕДЕЛНИК 30 МАРТ 2020 | Број 1922 | Година VIII | WWW. SLOBODENPECAT.MK
15 денари

## Свечена церемонија во седиштето на НАТО

# Македонското знаме се вее во најсилниот строј



**Симбол** Три македонски знамиња - во Брисел и пред сојузничките команди во Монс и во Норфолк, ќе бидат подигнати денеска. На свеченоста во седиштето на НАТО ќе присуствуваат генералниот секретар Јенс Столтенберг, претседавачот на Воениот комитет на Алијансата маршал Стјуарт Пич, и в.д. шефот на македонската делегација во НАТО, Зоран Тодоров.



**Самуел Жбогар, евроамбасадор**
Вие сте во возот за ЕУ, нема враќање назад!
страница 2



**Економијата се бори за здив**
Катастрофални последици од коронавирусот врз стопанството
страница 5



**САД**
Трамп се премисли околу затворањето на Њујорк
страница 17



**Прес на министерот за здравство Венко Филипче**
Уште двајца починати од коронавирусот
страница 4

Засега само со закажување и само за пари
**И приватните болници во бесплатното тестирање за коронавирус?**



страница 4

Фотографија Profimedia

# Хроника

Иднината на нашата држава е обезбедена. Гарантирана е нашата стабилност, безбедност, отворени се можностите за демократски развој, напредок, економски просперитет, нови работни места, инвестиции. Државата, граѓаните, добија признание за храбрите и тешки политички одлуки кои ги донесе Владата и владејачкото мнозинство во Собранието предводени од СДСМ за решавање на долгогодишните спорови со нашите соседи Грција и Бугарија.

**Хари Локвенец**, пратеник од СДСМ

**Брисел** Свечена церемонија во седиштето на НАТО

# Македонското знаме се вее во најсилниот строј на светот

**Симбол** Три македонски знамиња – во Брисел и пред сојузничките команди во Монс и во Норфолк, Вирџинија во САД ќе бидат подигнати денеска. На свеченоста во седиштето на НАТО ќе присуствуваат генералниот секретар Јенс Столтенберг, претседавачот на Воениот комитет на Алијансата маршал Стјуарт Пич, и в.д. шефот на македонската делегација во НАТО, Зоран Тодоров.



Во седиштето на НАТО во Брисел денеска ќе се одржи свечена церемонија по повод приемот на Македонија како 30-та земја членка на Алијансата, најсилниот воен сојуз во светот. Ќе бидат подигнати три македонски знамиња – во Брисел и пред сојузничките команди во Монс и во Норфолк, Вирџинија во САД.

На свеченоста во седиштето на НАТО во Брисел во 15 часот ќе присуствуваат генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, претседавачот на Воениот комитет на Алијансата маршал Стјуарт Пич, и в.д. шефот на македонската делегација во НАТО, Зоран Тодоров.

- Северна Македонија сега е дел од семејството на НАТО, семејство од триесет нации и речиси една милијарда луѓе. Семејство кое се темели на сигурноста дека заедно, со какви предизвици и да се соочиме, сите сме посилни и побезбедни - порача Столтенберг од Брисел, откакою петокот в.д. амбасадорката на Македонија во САД, Вилма Петковска, во Стејт департментот му го предаде документот за македонска ратификација на Северноатлантскиот договор на заменик државниот секретар за Европа и Евроазија, Филип Рикер.

Македонија сега има дваесетина места за персонал во постојаната мисија во НАТО и дваесетина места за офицери во Врховната сојузничка команда во Монс и во Сојузничката команда во Норфолк, и уште неколку низ штабовите на Алијансата. Добива и пристап до заедничкиот безбедносен и разузнавачки систем и информациите кои ги подготвува, капацитетите за сајбер-војување, агенциите за набавки и стандардизација, десетиците тела на Северноатлантската договорна организација, но и право и обврска да учествува во секоја нејзина одлука.

Македонија веќе применува дел од „алатките“ на НАТО во справување со пандемијата на корона вирусот - системот за командување при инциденти, што земјава го усвои минатата година за координација на сите нивоа на власт во кризни ситуации. Во моментов НИКС во Македонија се користи за координирање на активностите на институциите во борба со пандемијата на Ковид-19 и за обезбедување информации и совети во вистинско време.

Македонија се обврза да може во кој било момент да испрати 10 отсто од силите во операции на НАТО, половина од војската да биде оспособена, опремена и подготвена за учество во сојузнички операции, силите да се „интероперабилни“, односно да имаат сродно вооружување, опрема, постапки и доктрини со другите сојузнички војски и да можат да бидат „модуларни“, односно да се групираат со други сили според потребите на одредена операција.

Македонија се обврзува да даде еден пешадиски баталјон во сојузнички операции, за кои секоја членка одлучува дали и со колкава војска ќе учествува. Во долготрајни операции, со ротација (замена) на силите, земјава може истовремено да учествува со две пешадиски чети, два тима специјални сили, вод воена полиција и инжинериски вод. Силите за сојузнички операции се први кои ќе добијат нова опрема, која треба да ја имаат до почетокот на 2025 година. Армијата во следните години треба да достигне ниво од 90 отсто пополнетост со опрема и вооружување.

## Германија: Добредојдовте во сојузот

• Им честитаме на граѓаните на Северна Македонија на членството во Алијансата и им посакуваме на нашите сојузници од срце добредојде. За луѓето во Северна Македонија со тоа завршува еден долг пат, кој го минаа со упорност. Важна пресвртница беше историскиот Преспански договор меѓу Грција и Северна Македонија. Со него, шефовите на држави и влади во двете земји импресивно покажаа дека политичката храброст и дипломатската умешност можат мирно да надминат долгогодишни блокади, се вели во честиката од германскиот министер за надворешни работи Хајко Мас, испратена од името на Владата.

„Тоа што и ЕУ одлучи да почне пристапни преговори со Северна Македонија, е уште еден голем успех на консеквентната реформска политика. Германската сојузна влада се радува на соработката со нашиот нов сојузник Северна Македонија“, се вели во честитката.

## Грција: Очекуваме конструктивна соработка

• Министерството за надворешни работи на Грција упати честитки за нашето членство во НАТО, додавајќи дека очекува конструктивна соработка, јави дописничката на МИА од Атина. „Ѝ честитаме на Република Северна Македонија за нејзиното членство во НАТО како 30-ти член на Алијансата. Добредојде за нашите соседи во семејството на НАТО и очекуваме конструктивна соработка во рамките на Алијансата“, напишаа од грчкото МНР на „Твитер“.

## СДСМ: Придобивките веќе се видливи

• Во време кога сме соочени со силна здравствена и економска закана, се остваруваат двете најголеми стратешки цели: нашата држава е официјално станала членка на НАТО и почнува преговори со ЕУ. Се остварува стремежот на многу генерации. Сето ова ги потврдува исправните и успешни политики на СДСМ, а веќе сведочиме на првичните придобивки од овие успеси.

Европската Унија како првична помош во справување со коронавирусот одвои меѓу 66 и 70 милиони евра за нашата држава, а како членка на НАТО Алијансата нашата земја веќе го користи системот за командување со инциденти од следната генерација на НАТО за да го координира својот одговор на кризата ковид-19 и да и обезбеди на својата јавност информации и совети во реално време. Тоа се првите и директни придобивки од нашиот напредок во евроинтеграциите.

Како одговорна партија целосно сме насочени кон заштита на здравјето на граѓаните како врвен приоритет преку поддршка на институциите кои бескомпромисно се борат против заканата од ширењето на коронавирусот. Република Северна Македонија храбро чекори напред, за безбедна, сигурна и просперитетна иднина на сите граѓани, се вели во соопштението на СДСМ.

**Самуел Жбогар.**

## Вие сте во возот за ЕУ, нема враќање назад!

• Земјите членки одлучија да ги отворат преговорите со Северна Македонија. Нема враќање назад, преговарачкиот воз замина од станицата и вие сте во него. Преговорите ќе се одвиваат онолку брзо колку што вие сте во можност да преговарате, да ги исполнувате барањата и да се реформирате - вели евроамбасадорот Самуел Жбогар во интервју за МИА.

Според Жбогар, пандемијата на ковид-19 може да го комплицира процесот на договарање на преговарачката рамка поради фактот дека создава тешкотии за физичко состанување на земјите членки во Брисел.

- Овие дискусии може да потраат, не само поради вирусот туку и поради тоа што земјите членки треба да постигнат согласност околу вклучување на новата методологија во рамката - вели европскиот амбасадор во Македонија.



Според него, на пристапните преговори треба да се гледа како на „процес за донесување на ЕУ во земјата, на вистинска промена во општеството и земјата“. На тој начин, смета Жбогар, младите луѓе ќе се охрабрат ја планираат иднината во својата земја.

- Главниот предизвик за земјата веројатно не е волјата туку капацитетот за спроведување реформи, аспект што бара значителни ресурси, не само човечки. Затоа е важно земјата да ги претвори преговорите во еден вид национален проект, преку обединување на сите политички сили и искористување на целосниот стручен потенцијал на располагање – советува евроамбасадорот Жбогар.

Според него, македонските институции донесуваат навремени одлуки за забавување на ширењето на коронавирусот и осигурување дека пандемијата нема да го преоптовари здравствениот систем.

# ПРОТОКОЛ

## како да влезете дома

**1.** ШТОМ ЌЕ ВЛЕЗЕТЕ ДОМА НИШТО НЕ ДОПИРАЈТЕ

**2.** ВЕДНАШ СОБУЈТЕ ГИ ЧЕВЛИТЕ

**3.** ПАРИЧНИКОТ, ТЕЛЕФОНОТ И КЛУЧЕВИТЕ ОСТАВЕТЕ ГИ ВО КУТИЈА НАМЕНЕТА САМО ЗА ТОА

**4.** СОБЛЕЧЕТЕ СЕ И ОБЛЕКАТА СТАВЕТЕ ЈА ВО НАЈЛОНСКА ЌЕСА ПРЕД ДА ЈА СТАВИТЕ ВО КОРПАТА ЗА ПЕРЕЊЕ АЛИШТА

**5.** ПО ПРОШЕТКАТА НА ДОМАШНОТО МИЛЕНИЧЕ ДЕЗИНФИЦИРАЈТЕ МУ ГИ ШЕПИТЕ

**6.** ДЕЗИНФИЦИРАЈТЕ ГИ ОТКРИЕНИТЕ ДЕЛОВИ ОД ТЕЛОТО, НАЈДОБРО Е ДА СЕ ИСТУШИРАТЕ

**7.** РЕДОВНО ЧИСТЕТЕ ГИ И ДЕЗИНФИЦИРАЈТЕ ГИ МОБИЛНИОТ ТЕЛЕФОН И ДРУГИТЕ ЛИЧНИ ПРЕДМЕТИ

**8.** ДЕЗИНФИЦИРАЈТЕ ГИ ТОРБИТЕ И СИТЕ ОСТАНАТИ ПРЕДМЕТИ ПРЕД ДА ГИ ВНЕСЕТЕ ВНАТРЕ ВО ДОМОТ

**9.** ОТКАКО ЌЕ ГИ ИЗВАДИТЕ РАКАВИЦИТЕ ПРЕВРТЕТЕ ГИ И ФРЛЕТЕ ГИ ВО КАНТА ЗА ОТПАДОЦИ СО КАПАК

**10.** НЕВОЗМОЖНО Е ДА ПОСТИГНЕТЕ ЦЕЛОСНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ЦЕЛТА Е ДА СЕ НАМАЛИ РИЗИКОТ ОД ЗАРАЗА

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

**Венко Филипче.**

# Уште двајца починати од коронавирусот

Двајца мажи од Скопје на возраст од 31 и 91 година починале од коронавирусот, информираше министерот за здравство Венко Филипче на вчерашната прес-конференција. Во изминативе 24 часа има 16 новозаболени пациенти, со тоа вкупната бројка е 257. Досега од коронавирус во земјава се починати 6 лица.

Помладиот скопјанец бил со тешка клиничка слика, бил интубиран и поставен на респираторна машина, но вчера починал. „Двајца пациенти имаат негативни тестови, а утре ќе им бидат направени втори тестови на уште 5 лица. Се очекува деновиве на домашно лекување да бидат пуштени 7 лица“, рече Филипче.

Денеска ќе биде разрешена директорката на болницата во Охрид, бидејќи пациентката од Струга која почина завчера од коронавирус не била хоспитализирана, рече министерот Филипче.

На увид во болницата се инспектори од Здравствениот и санитарен инспекторат, се работи на тоа каква била улогата на другите во целиот процес, по што ќе се одлучува понатаму согласно одговорите на вработените.

**Полициски час.**

## Приведени 102 лица за прекршување

• Вкупно 263 лица не ја почитувале мерката за забрана на движењето ноќта помеѓу саботата и неделата, при што полициските службеници привеле 102 лица, 46 лица биле опомената, а за останатите се изготвени соодветни записници и доставени до надлежното ОЈО.

Како што соопшти МВР, на 180 лица им се издадени решенија за изолација, додека 98 лица потпишале изјави за самоизолација.

Полициски службеници извршиле контроли над лица во изолација и самоизолација, при што било евидентирано дека три лица не ги почитувале овие мерки, односно не биле пронајдени во својот дом

**Министерот Дамјан Манчевски.**

## Ла га е де ка е во упот ре ба 5Г мрежа

• Во нашата држава нема пуштено во употреба 5Г мрежа, а надлежните институции немаат спроведено постапка за доделување на фрекфенции за мрежата. Сите грижи за ефектите од 5Г мрежата врз здравјето на граѓаните се неосновани, објави министерот за информатичко општество Дамјан Манчевски.

„Ги повикуваме сите извори на лажни вести да престанат со објавување на дезинформации кои имаат единствена цел да создаваат недоверба и паника кај граѓаните.

**Тестови** Засега само со закажување и само за пари



# И приватните болници во бесплатното тестирање?

**Светската здравствена организација издаде препорака да се тестираат што повеќе пациенти што се сомнителни на коронавирус за да може тие порано да се изолираат и да се спречи ширење на болеста.**

**Мими Шушлеска Петкова**

Министерството за здравство се обидува да ги прошири капацитетите за тестирање на коронавирусот за да може што повеќе сомнителни луѓе да бидат опфатени и навреме дијагностицирани за да се спречи ширењето на вирусот. Таква препорака неодамна издаде Светската здравствена организација.

Се прават напори да се зголеми капацитетот на Институтот за јавно здравје, па наместо 100 да може да прави од 150 до 170 тестирања во период од 24 часа. Се очекува наскоро да пристигнат уште 20.000 тестови како донација од Кина.

Министерството за здравство се обидува да најде други лаборатории во кои би можеле да се прават анализи на земените примероци. Министерот за здравство Венко Филипче изјави дека е можно и лаборатории во други институции да се вклучат во правењето на овие тестови. Меѓу нив беше спомената лабораторијата на Ветеринарниот институт, како и оние во приватните болници.

Во меѓувреме приватните болници веќе почнаа да ги тестираат граѓаните, кои не може да дојдат на ред за тестирање во јавниот здравствен систем. Една болница, која врши тестирања веќе десетина дена, издаде упатство во кое на пациентите им дава насоки како сами да си земат брис од грло и од нос, што вообичаено го прави медицинско лице. Тестот до болницата треба да го однесе трето лице, а не тој што е сомнителен на коронавирус и да го однесе на изолиран пункт. Тестирањето чини 1.500 денари.

Минатата недела тестирања почна да прави уште една приватна болница, со претходно закажување термин преку телефон. Пациентите што ќе дојдат на тестирање треба да носат заштитна маска. Тестот што се користи е хроматографски тест за детекција на антителата, кои се создаваат од коронавирусот во телото. Тестирањето е преку земање примерок од крв, а процедурата на тестирање не трае подолго од 10 минути. Цената на ова тестирање изнесува 1.200 денари.

Од Министерството за здравство засега нема одговор дали лаборатории во приватните болници се акредитирани за вакви анализи.

**ОЈО** Истрага за смртта на стружанката

# Не ја примиле во болница зашто не биле стигнати резултатите!?

**Поради сериозните симптоми матичниот лекар препорачал хоспитализација на Инфективното одделение во охридската болница, но пациентката, и покрај соодветниот упат, не била примена во болницата, објаснува Обвинителството.**

Реагирајќи по допрен глас, Основното јавно обвинителство Охрид ја истражува смртта на 66-годишната стружанка, која е четврта жртва на коронавирусот во земјава. Според првичните информации, поради сериозните симптоми, матичниот лекар препорачал хоспитализација на Инфективното одделение во охридската болница, но пациентката, и покрај соодветниот упат, не била примена во болницата, објаснува Обвинителството.

Обвинителството ќе ги утврдува фактите и нивната причинско-последична поврзаност за да констатира дали постои кривична одговорност за смртта на жената.

Жената и нејзиниот сопруг биле тестирани за коронавирус во четвртокот и било констатирано дека и двајцата се позитивни. Пациентката имала срцева болест, хронична белодробна болест и повишен крвен притисок.

Според епидемиолошката анкета, семејството на починатата жена непосредно пред прогласувањето на кризната состојба во Дебар (на 13 март) биле на гости во Дебар и имале контакт со еден од таму заболените лекари, а по сознанието дека и тој е позитивен на коронавирус, семејството било во домашна самоизолација. Откако се јавиле првите симптоми кај жената, таа закажала тестирање на коронавирус (за 24 март) преку својот матичен лекар. Материјал за тестирање е земен на 26 март, а резултатите пристигнале во саботата (27 март). Поради нагло влошената состојба на пациентката, матичниот лекар уште веднаш препорачал хоспитализација на Инфективното одделение во охридската болница, но во болницата одбиле да ја примат пациентката додека не ги добијат резултатите, а таа во меѓувреме починала.

**Влада** Револт од лидерот на ВМРО-ДПМНЕ

## Мицкоски да престане со навреди

• Мицкоски да престане да врши притисок врз институциите и помошта за граѓаните кои се враќаат во земјата да ја нарекува „уништување на државата“, соопшти Владата по пораките што ги упати лидерот на опозициската ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски.

-Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ синоќа упати неосновани обвинувања и притисоци врз генералниот секретар на Владата Драги Рашковски, квалификувајќи ги владините активности како „срамота“, а лутејќи кои ги организираат активностите како „лопови“ и во исто време клеветејќи за „добивање провизии“ за организацијата на авионскиот и автобускиот превоз. Владата го повикува Мицкоски внимателно да ги погледне презентираните факти, да престане да врши притисок врз институциите, да престане да шири клевети дека помошта за граѓаните е срамотна и да ги употреби партиските ресурси кои се дел од техничката Влада и кои гласале ЗА ваквата помош за граѓаните, за вистински да помогне на земјата и на народот во овие тешки времиња. Постапката за организација на превозот и државниот карантин на македонските граѓани се одвива согласно одлуки и уредби на Владата изгласани и од министерот за внатрешни работи кој доаѓа од редовите на ВМРО-ДПМНЕ – се вели во владиното соопштение.

Владата ќе продолжи отворено и навремено да ги објавува сите информации за коронавирусот во нашата земја како врвен приоритет и апелира до политичките партии да се откажат од дневно политичкото профитерство“, се наведува во соопштението.

**Курсна листа** Курсната листа е од **29.3.2019**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.300 | 61.800 | CAD | 1 | 38.733 | 40.670 |
| USD | 1 | 54.752 | 57.490 | AUD | 1 | 33.009 | 34.660 |
| CHF | 1 | 56.809 | 59.650 | JPY | 1 | 0.5072 | 0.5250 |
| GBP | 1 | 67.504 | 69.800 | NOK | 1 | 5.1942 | 5.3760 |

# Економија

**БРОЈКИ**

**3**

**милијарди евра изнесуваат девизните резерви, двојно повеќе од нивото во 2008 година кога почна светска економска криза**

**400**

**милиони евра заем што треба да послужат до земањето на еврообврзница најави министерката Нина Ангеловска**

**Катастрофални последици од коронавирусот врз стопанството.**

## Економијата се бори за здив

**Проблеми** Едни фирми поради мерките се затворени, други не добиваат нарачки, трети не можат да набават репроматеријали, а на сите им оди тешко наплатата.

**Весна Дамчевска**



Македонската економија веќе трпи огромни последици од коронавирусот и дури и со највеното задолжување од 600 милиони евра од странство, и со стотина милионие вера од Европската унија, последиците може да бидат речиси катастрофални, а оправувањето, секако ќе зависи од должината на оваа општествена, здравствена и економска агонија, како и од тоа колку во меѓувреме е направено за држување на стопанството во живот.

Ова економска криза се разликува од било која претходно. Таа не е предизвикана од економска причина, сосема е поинаква од големата светска криза во 2008 година која беше предизвикана од инвесициските банки, или пак онаа од кризата на потрошувачката што резултирала со Големата депресија од 1929 година. Ова криза е предизвикана од вирус кој ги остави луѓето дома, ги затвори производствените погони, ги спушти границите, вештачки го парализира сообраќајот...

Речиси и да нема индустриска гранка во Македонија која не е погодена. Владата, како најпогодени сектори ги детектира туризмот со околу 31.000 вработен во хотеилте, угостителството со околу 29.000 вработени во ресторани и кафулиња и транспортот и складирање со речиси 40.000 вработени.

Но, покрај овие сектори, загрозени се и речиси сите други дејности. Продавниците, освен оние за храна, делумно се под клуч, а оние што работат, речиси и да немаат промет. Преработувачките капацитети, освен оние за храна кои немаат проблеми со увозни суровини, исто така едвај составуваат ден со ден. Целата текстилна индустрија со сите свои 30.000 вработени ги шие последните парчиња облека за странство, а договорите кои сега се склучуваат за наредната сезона, воопшто не се склучуваат.

### Фирмите мора да останат живи

Стопанствениците велат дека единствен спас е што побрзо да зварши здравствената криза, за да може економијата да почне да излегува од тунелот во кој влезе.

Но, како што вели претседателот на Организацијата на работодавчи на Македонија, сега никој не знае до кога ќе трае кризата и неопходна е помош од Владата за да се зачуваат работните места и за да не се доведат компаниите до банкрот.

- Едни фирми поради мерките се затворени, други не добиваат нарачки, а трети не можат да набават репроматеријали. Но, сега се јавува уште еден проблем, а тоа и тие што работат, не може да го наплатат сработеното. Текстилните компании што работат лон производство веќе имат проблеми со наплатата, и тоа од странските партнери. Допрва ќе се соочиме со штетите од намалената куповна моќ на нсаелението, но и со стравот од купување во услови на неизвеснот, и веројатно таква ќе биде ситуација до крајот на годината – вели Димитров.

Според него, преку владините мерки сега најважно е фирмите да се одржат во живот.

- Фирмите не може да постојат со декрет. Што ако е забранет стечајот со одлука на Влада. Ако фимата не може да работи, ако нема како да плаќа долгови, таа фактички оди во банкрот, независно од тоа што стечајот е одложен. Кога ќе помине сето ова, многу е полесно да продолжи со работа некоја компании која е и економски исцрпена, отколку таа да биде затворена па потоа пак да се отвори. Нејзиното покревање е многу тешко - вели Димитров.

И бизнисменот и поранешен вицепремиер за економски прашања Кочо Анѓушев смета дека економијата сега треба да ја одржиме жива, па после кризата да ја лекуваме.

- Економијата ќе биде повредена, но мора да ја одржиме жива за да може после тоа да закрепне и да се лекува, бидејќи ако компаниите умрат, да речеме фигуративно, после тоа нема никаков лек на таква состојба – рече Анѓушев за ТВ 21.

### Мора да се позајмат што повеќе пари, но дали ќе се најдат?

Клучно прашање во овој момент е од каде да се најдат пари за да се одржат во живот фирмите. Полнењето на Буџетот е катастрофално. Според лидерот на СДСМ, во касата се прибрани само 40 отсто од планираните средства. И неговиот довчерашен вицепремиер Анѓушев проценува дека во државната каса која е планирана на 3,7 милијарди евра ќе недостасуваат 2 милијарди евра.

- Излезот од ваквата состојба е што побрзо државата, како и сите држави во светот, да земе кредити – смета Анѓушев.

Но, малку разочарувачки делува изјавата на Заев дека на пазрот на капитал веќе тешко се наоѓаат пари, а проблем е и нивната цена.

- Потребни ќе ни бидат 1,2 милијарди евра, ние баравме 1 милијарда евра, но најдовме 600 милиони евра. Сите гомели држави веќе ги земаа парите,и сега вече снемува поволни кредити– рече Заев во интервју за Слободна ТВ.

Министерката Нина Ангеловска во неделата најави дека од странски банки ќе се побарат 400 милиони евра заем што треба да послужат до земањето на еврообврзница и тие пари веднаш со еврообврзницата би се вратиле Таа најави и заем од 87 милиони евра од ММФ и заем од 100 милиони евра од Светска банка. Но, до денеска не соопшти дека овие заеми се реализирани.

ВМРО-ДПМНЕ смета дека за спас на економијата сега е потребна 1 милијарда евра и предлага 600 милиони евра да се земат од Светска банка, а 400 милиони евра со внатрешно задолжување со емисија на хартии од вредност од страна на Министерството за финансии.

### Девизни резерви од 3 милијарди евра

• Имаме девизни резерви од 3 милијарди евра, двојно повеќе од нивото во 2008 година кога почна светка економска криза и не постои апсолутно никаков ризик по стабилноста на девизниот курс, кажа деновиве гувернерата Анита Ангеловска-Бежоска.

Најголем дел од девизните резерви се пласирани во хартии од вредност (81,1отсто) по што следува монетарното злато (10,7отсто) и валутите и депозитите (8,1 отсто).

Девизните резерви главно служат за финансирање на платниот биланс преку интервенција на девизниот пазар со цел да се влијае врз девизниот курс и/или за други цели.

Само во воена состојба, Народната банка може да функционира поинаку и да ги користи девизните резерви поинаку.

**Потрошувачката е во криза поради недостиг на пари, но во услови на неизвесност постои и страв од купување**

↑ **Стопанствениците велат дека единствен спас е што побрзо да зварши здравствената криза, за да може економијата да почне да излегува од тунелот во кој влезе**

# Трибина

Знаете ли дека веќе влеговме во НАТО? Знаете ли дека ќе почнеме преговори за влез во Европската Унија? Дали сте свесни дека во два последователни дена нам ни се случува историја? Дека живееме историски моменти и тоа во време кога цел свет се соочува со најголемата криза по Втората светска војна?

Горан Михајловски



**Став.**

↓ Ивица Челиковиќ

## Со руски рулет против корона

Можна ли е поинаква стратегија од драстичните мерки и рестрикции во борбата против ширењето на коронавирусот кои се применуваат во цела Европа? Шведска со нејзиното „чудно игнорирање“ и избегнување да биде понесена од масовниот бран на воведување вонредна состојба, затворање на работни места, изолација и престанок на речиси сите активности на континентот, се наметна како тема на бројни анализи. „Шведскиот експеримент“ привлекува внимание во глобални рамки, но мислењата се поделени. Додека дел од коментарите во Германија се на линија дека Шведска „досега беше урнек“ со својата стратегија, има и поинакви мислења, без некакво особено восхитување, како на пример кај либералниот британски „Гардијан“, кој пишува дека Шведска во времето на коронакризата игра „руски рулет“.

Додека европските метрополи се претвораат во сенишни градови, Шведска избра да се движи по друг пат.

Наместо да воведе строги забрани и санкции, шведските институции апелираа на разум и на чувството на одговорност на граѓаните - но, пред сè, од аспект на доброволност во следењето на препораките и советите за справување со кризата предизвикана од ширењето на вирусот. Шведската линија предизвикува восхитеност, но и неверица и ужасеност кај мнозинството во светот.

Експертите едновремено укажуваат дека шведскиот модел би можел да биде и вистинската алтернатива, доколку општество прифати растечка бројка на смртни случаи.

На Швеѓаните едновремено им се забележува дека им недостига колективна меморија од војни и катастрофи.

Втората светска војна „ја заобиколи“ неутрална Шведска. Токму затоа, земјите кои имаат искуства од уништувања и воени разорувања, се чини пристапуваат кон кризи со поголема сериозност и решителност. Повеќето европски земји се несомнено дел од тоа заедничко историско искуство.

Шведска засега има релативно ниски бројки на починати од вирусот. Дали „рускиот рулет“ ќе заврши со чкрапалото на судбоносниот истрел - останува да се види.

> **Шведска засега има релативно ниски бројки на починати од вирусот. Дали „рускиот рулет“ ќе заврши со чкрапалото на судбоносниот истрел - останува да се види.**

**Избор колумни.**



## Северна Македонија, добредојде во семејството на НАТО!

**Јенс Столтенберг**
Генерален секретар на НАТО

> Во сите земји-членки на НАТО, нашите воени лица имаа пресудна улога во националните напори, вклучувајќи планирање и логистика, полски болници, транспорт на пациенти и дезинфекција на јавни места. НАТО веќе долго време работи на зајакнувањето на отпорноста на сојузниците, вклучувајќи ги здравствените услуги.

Северна Македонија стана полноправна членка на НАТО, триесеттата членка на нашата Алијанса. Од понеделник знамето на Северна Македонија гордо ќе се вее, заедно со знамињата на другите дваесет и девет членки. Ова е момент за прославување, момент кој со нетрпение сите го очекуваме со години наназад. Патот кон членството беше долг и полн со предизвици, но со храброст и одлучност успеавте.

Ова се одлични вести во овие тешки времиња кога целиот свет се соочува со борбата против пандемијата предизвикана од ковид-19. Секоја земја презема досега незапаметени мерки за да го спречи ширењето на вирусот и да го ограничи ударот на нашите економии. Овој предизвик е преголем за која било држава засебно. Сега е поважно од кога било претходно нашите држави да застанат заедно, да работат заедно и да си дадат заемна поддршка. Посилни сме заедно.

НАТО-сојузниците сега се поддржуваат меѓусебно. Армијата на Соединетите Американски Држави достави неопходни медицински средства во Италија. Германија и Луксембург згрижија пациенти кои имаат потреба од интензивна нега од Италија и Франција. Сојузничките транспортни авиони доставија преку 200 тони заштитни маски и друга неопходна и повеќе од потребна заштитна и медицинска опрема од Кина и Јужна Кореја до Словачка, Република Чешка и Романија.

Во сите земји-членки на НАТО, нашите воени лица имаа пресудна улога во националните напори, вклучувајќи планирање и логистика, полски болници, транспорт на пациенти и дезинфекција на јавни места. НАТО веќе долго време работи на зајакнувањето на отпорноста на сојузниците, вклучувајќи ги здравствените услуги. Северна Македонија неодамна ја усвои Последната генерација на командниот систем за справување со инциденти на НАТО и го користи за координирање на сите свои активности во борбата со коронавирусот на национално ниво. Всушност, во последните неколку години НАТО обучи повеќе од 500 лица за брза реакција во Северна Македонија, со цел да се подобри нивната способност при поголеми инциденти како што е овој.

Но додека нашето внимание во моментов е вперено кон глобалната пандемија, предизвикана од коронавирусот, другите предизвици сè уште не се завршени. Напротив, истите се зголемени со тековната криза. Дезинформациите за коронавирусот се широко распространети. Често се и дел од долгорочна шема на агресивно однесување, кое вклучува кибернапади и обиди да се намали легитимноста на демократските институции. НАТО е тука за да им помогне на сојузниците. Во ноември минатата година, новиот тим за поддршка при справување со хибридни напади на НАТО, на барање на црногорските власти, отиде во Црна Гора да помогне. Овој тим, кој остана во Подгорица една недела, беше конкретно формиран за да му помогне на нашиот сојузник во борбата со широкиот спектар на таканаречени хибридни напади, со комбинација на отворени и прикриени операции, воени и невоени средства на агресија. Ваква практична поддршка НАТО и сојузниците обезбедуваат секој ден, еден за друг.

Безбедноста која ја дава членството во НАТО е непроценлива. Оваа безбедност е основата на трансатлантската стабилност и просперитет повеќе од седумдесет години. Членот 5 од нашиот Северноатлантски Договор вели дека напад на една членка е напад на сите. Отсега натаму, Северна Македонија секогаш ќе ја има целосната поддршка на дваесет и деветте сојузници.

Членството во НАТО е добро за Северна Македонија и е исто така добро за НАТО. Вашите вооружени сили активно придонесуваат во меѓународниот мир и безбедност. Вашите војници служат во Авганистан и даваат безрезервна поддршка на нашата мировна мисија во Косово.

Северна Македонија веќе ги ужива придобивките од евроатланската интеграција и јас ја поздравувам одлуката на Европската Унија да ги покани Северна Македонија и Албанија да отпочнат со преговорите за членство. Странските инвестиции во Северна Македонија драстично се зголемија по добивањето на поканата за членство во НАТО. Ова е затоа што вашата влада го следи патот на реформите во градење на посветла иднина за Северна Македонија. Неопходно е да се продолжи на тој пат за да се обезбеди иден просперитет за сите. Северна Македонија е сега дел од семејството на НАТО, семејство составено од 30 земји и речиси една милијарда луѓе. Семејство засновано на убедувањето дека без разлика на тоа со какви предизвици се соочуваме, сите ние сме појаки и побезбедни заедно.

Северна Македонија, добредојде во семејството на НАТО!

**(Од македонските медиуми во Северна Македонија, весникот „Слободен печат“ има ексклузивно право да го објави овој напис)**

**ТОП TWEET**



**Мартин Богатиноски**
Замисли да испадне дека поповите што вртеа кругови со камион низ Велес не биле вистински попови, туку се истите оние полицајци за кои испадна дека не биле вистински полицајци.



**Војче Китановски**
Можеби коронавирусот како непоканет гостин ќе си замине и порано, но што ќе правиме со домашните вируси што нѐ заразуваат во повеќе мандати?



**Витомир Долински**
Да беше Ное ваков спасител, Арката ќе му се превртеше од смеење.

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 29.3.2020 | **Тираж: 7.750 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**

Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ,**
**СРЃАН ИВАНОВИЌ,**
**МИТКО БИЛЈАНОСКИ,**
**КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА,**
**ВИОЛЕТА КОСТОВСКА,**
**ИВАНА НИКОЛОВСКА**
Лектор
**ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)
**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

СТАВ



**Иво Антов**

# Петка за глупите

Имаше една компјутерска игрица, а и сега ја има во развиена варијанта (Plague Inc,), и во таа игра крајната цел беше да се зарази целото човештво. Всушност, играчот беше во улога на мини Господ, кој можеше да се поигрува со особините на некој патоген, со неговата отпорност, начин на размножување и ефекти по човечкиот организам, па можеше да го пушти на кое било место на земјата и да следи како ќе се развива пандемијата. Без бонуси, кои ги имаше по секое ниво (т.е. еволуција на патогенот), тешко можеше да се достигне последната, катастрофална цел, т.е. тешко беше да се победи целото човештво.

Во последно време се изнаслушав и изначитав теории за модернава чума, во опсегот од: „Удар врз Кина“, преку „Економска чистка на пензионерите“, па сè до „Падот на капитализмот“, и сите се занимаваат со некоја „тајна сила“ која ја крои капата на целото човештво. За мене само еден факт е непобитен, а тоа е дека човештвото е на тест, и тестот сè уште трае, и покрај сите наши усилби да му го предвидиме крајот. И зошто „некоја тајна сила“ би го сторила тоа, би ни пуштила вирус од кој многумина може да не преживеат?

Едно само не ми е јасно, дали е тоа истата тајна сила која сега сака да нè утепа со 5Г? Всушност, 5Г ќе ги испржи врапците и пчелите, па потоа ќе следи 6Г-технологија со која ќе може да ни ги активираат чиповите што во меѓувреме ќе ни ги стават, за на крајот со помош на 7, 8Г, со ласери да можат да ни ги контролираат мислите во светот без птици, инсекти и ситни животинки. И ќе живееме така сè додека Нео не го победи вирусот, наречен Агент Смит, кој се заканува дека ќе го направи целото општество еден и единствен, Смит. Па потоа „Јово наново“.



↑ Илустрација **Њујорк тајмс**

„Петтата генерација“ на мобилни комуникации е уште еден чекор во развојот на телекомуникациските технологии, дури и помал удар за денешната околина од, на пример, оној од ширењето на радиоврските кои како и сето она што е кул и напредно, ги измисли, т.е. примени Никола Тесла. Колку за ваша информација, микробрановите од „само“ 2.500 мегахерци можат да стопат и чоколадо во вашиот џеб, како што во далечната 1945 открил Перси Спенсер, кој работел на развивање нов вид радар, па од идејата направил патент за денешните микробранови рерни.

Дали 5Г-предавателите кои работат на значително повисоки фреквенции ги топат чоколадата во нашите џебови или можеби убиваат врапчиња? И, која е таа будала која сака да му го спржи мозокот на својот клиент од кого секој месец инкасира приход?

Психолозите велат дека стресот предизвикан од страв го намалува имуниот систем на човекот и не знам навистина која е таа „тајна сила“ која сее страв по интернетот. Со неа и повеќе од сигурно се занимаваат воено-разузнавачките структури, а најверојатно како појава ќе биде и од повеќе аспекти проучувана и од науката. Но, каква и да е оваа појава, истата таа не би можела да земе замав без човечката глупост и игноранција.

Скопје смрди овие денови, всушност смрди секогаш кога нема ветер. Загадено е до балчак. И наместо да ја користиме новата технологија во борба против можеби и поголемиот убиец од грипот на овие простори, ние врескаме и фрламе камења по неа. Зарем петта генерација (5Г!) на луѓе ќе треба да израсне тука за конечно да се излечиме од сопствената „глупоќа“? Истата таа индолентност и игноранција, која и Кина и Шпанија и Италија веќе ја чинеа многу човечки животи.

Имено, истата таа 5Г-технологија, освен за побрзо гледање на филмови на мобилен, може да ни помогне при побрзо лоцирање на големите загадувачи, особено ако е монтирана на воените и полициски возила кои патролираат за време на принудниов домашен притвор. Истата технологија може и полесно да ги управува дроновите што ни ги ветија како „трагачи по оџаци“, наместо сега да сака да нè ѕирка по маала дали шетаме кучиња.

Всушност, и врапчињата што го преживеаја тестирањето на 5Г, знаат кој нè загадува и од кого ќе почине барем еден од шест припадници на здравствено ранливите категории, ама тоа нас никако да нè уплаши. Од вирусот кој убива се плашиме, но и се обидуваме да се заштитиме. Па дури и државата ги вклучи сите механизми во обидот да нè заштити. Ќе се заштитиме ли самите од загадувањето и ќе се вклучи ли конечно и државата во вистинската борба и против убиецот наречен загадување. Ако не се случи тоа, навистина ќе заслужиме петка за глупост, 5Г.

**Скопје смрди овие денови, всушност смрди секогаш кога нема ветер. И наместо да ја користиме новата технологија во борба против можеби и поголемиот убиец од грипот на овие простори, ние фрламе камења по неа. Зарем петта генерација на луѓе ќе треба да израсне тука за конечно да се излечиме од сопствената „глупоќа“?**



СТАВ

# Во очекување на подобра 2021

**Данела Арсовска**

Деновиве најчесто прашање во јавноста е како и кога ќе се заздрави од ковид-19 кризата. Прашањето е легитимно, не само поради тоа што ги гледаме последиците од оваа опасност по здравјето на луѓето, туку и затоа што вирусот ја напаѓа и економијата.

Во САД се проценува дека за само една недела се отпуштени од работа 3,3 милиони вработени поради превентивните мерките кои се преземаат за да се спречи ширење на новиот вирус. Европските лидери оценуваат дека коронавирусот ќе предизвика посериозни проблеми отколку финансиската криза во 2008 година, кога без работа останаа повеќе од 22 милиони луѓе во светот. ООН оценува дека бројот работни места кои ќе бидат загрозени од кризата предизвика од ковид-19 ќе достигне повеќе од 25 милиони.

Нашата економија е мала и врз неа брзо се рефлектираше негативното влијание на ковид-19 кризата. Вонредната состојба, мерките за самоизолација и карантин, ограничувањата за движење и патување, предизвикуваат голем пад на потрошувачката. Падот е евидентен и во приходите од деловното работење, а во најдобро сценарио така ќе ја поминеме првата половина на 2020, очекувајќи да почне стабилизација во втората половина. Граѓаните остануваат дома, деловните субјекти ги губат приходите и ги отпуштаат работниците, а нивото на невработеност нагло расте. Инвестициите очекувано се намалуваат, а во моментов проекциите за бруто домашниот производ гравитираат околу нулата, со што кризата ни изеде неколку процентни поени раст.

Моментните проценки се дека пандемијата во Европа ќе го достигне својот врв во мај, по што во јуни опасноста од вирусот ќе се намали и економијата ќе започне да закрепнува. Економските последици, иако се тешки на краток рок, можат да се превенираат доколку Владата донесе квалитетни системски мерки и со агресивна економска политика ја одржи ликвидноста на фирмите. Доколку се донесат мерките за поддршка, како исплата на платите на работниците и се стимулира економијата за да не згасне стопанството, ќе се помогне да се постигне побрзо закрепнување.

Владата, во соработка со Народната банка и комерцијалните банки, потребно е да дејствуваат заедно за да се обезбеди еден сеопфатен пакет, кој ќе има инстант-ефект на помош за реалниот сектор да опстои, а во исто време да се смири вознемиреноста која се чувствува меѓу граѓаните.

На почетокот на 2020 година имавме други очекувања и предизвици, како предвремени парламентарни избори, а сега веќе гледаме кон 2021 година со нетрпение оваа година да заврши. Нашата економија не се движеше со посакуван раст и пред ковид-19 кризата. Сега очекувано е растот на БДП да се движи од 1 отсто во позитивно сценарио, до негативен економски раст во понеповолно сценарио. Затоа и се апелираше на навремено и агресивно дејствување од страна на креаторите на политиките. Според анализите на епидемиолозите, опасноста од новиот вирус ќе заврши на крајот на вториот квартал од 2020 година и затоа Владата мора итно и неодложно да ги донесе мерките предложени од реалниот сектор за одржување на стопанството и задржување на работните места, а со добро управување да издржи финансирање во следните три месеци. По пребродување на кризата, нема да постои друга траекторија на движење освен нагоре.

(Авторот е претседател на Сојузот на стопански комори на Македонија)

# Скопје

**Конкурс** Авторите заинтересирани да понудат идејни решенија

## Старата скопска чаршија ќе се збогати со нови сувенири

**Изработка** Од Градот велат дека предност ќе имаат решенијата кои за изработка ќе користат стабилни и еколошки прифатливи материјали какви што се керамика, камен, теракота, дрво, текстил, стакло, метал, волна, односно трајноста на материјалот од кој би биле изработени сувенирите е важен елемент при одлучувањето




**Од Град Скопје објаснуваат дека ќе се избираат идејно-обликовни решенија, а не автори, што значи дека бројот на поднесените предлози од еден граѓанин или правно лице не е ограничен**

На 10 април завршува конкурсот на Град Скопје за идејни решенија за изработка на прототип на сувенири за Старата скопска чаршија, на кој треба да се изберат најдобрите десет решенија. Конкурсот беше објавен во февруари и е дел од иницијативата „Нови сувенири за Старата скопска чаршија“, која се спроведува во рамките на проектот „Рок“ што е дел од програмата Хоризон 2020 и се реализира со финансиска поддршка од Европската Унија.

– Конкурсот има за цел да ја зголеми свесноста за значењето на оваа културно-историска целина во градот Скопје и да ги промовира нејзините вредности. Во тој контекст, понудените решенија треба да ги истакнат вредностите на културното наследство, старите занаети и да претставуваат одраз на традицијата и културните, историските, материјалните и духовните вредности на Старата скопска чаршија како заштитена културна целина од особено значење со богато културно-историско наследство – се наведува во конкурсот.

Од Град Скопје објаснуваат дека ќе се избираат идејно-обликовни решенија, а не автори, што значи дека бројот на поднесените предлози од еден граѓанин или правно лице не е ограничен, меѓутоа во изборот на решенијата, разновидноста на откупените трудови е важен елемент при одлучувањето. Секое предложено решение поединечно мора да биде доставено и опремено во согласност со конкурсните услови за опремување на секој конкурсен труд.

Конкурсот предизвика интерес кај ликовните уметници, дизајнери, архитекти и воедно кај сите креативци, кои побараа објаснување дали решението треба да биде само економично исплатлива симболична сума за туристите, на пример да чини од 100 до 150 денари, или може и друг тип сувенир, на пример маичка или друг текстилен производ.

– Во изборот на откупените решенијата, Комисијата ќе се раководи првенствено од критериумите за одлучување што се јасно наведени во Конкурсот, меѓу кои квалитетот на предложениот дизајн и трајноста на предложените материјали за изработка, како и иновативноста, креативноста и високо ниво на впечатливост на обликовниот израз се многу битни. Одржливоста, економската и производствена поддржаност на решението се исто така важни, меѓутоа првенствено се однесува на можноста за умножување и производство, за која цел со конкурсното решение треба да биде доставен краток опис на предвидените работи и апроксимативна пресметка на чинење на изведбата на предложените идејни решенија, што не значи дека станува збор за симболична продажна цена на производот. Во оваа насока, предност ќе имаат решенијата што за изработка ќе користат стабилни и еколошки прифатливи материјали (на пример, керамика, камен, теракота, дрво, текстил, стакло, метал, волна итн.), меѓутоа изборот не се ограничува само на таквите решенија – објаснуваат од Град Скопје и додаваат дека, сепак, трајноста на материјалот од кој се предложени решенијата за сувенирите е битен елемент при одлучувањето.

Оттаму прецизираат дека авторите што ќе учествуваат на конкурсот, според наведените услови, треба да испратат еден примерок од сувенирот во оригинална големина и материјал, односно изработен прототип/мостра.

**Општина Аеродром.**

## Во Домот за стари поделени маски и ракавици

Мобилни тимови на Општина Аеродром и на Црвениот крст им поделија заштитни маски и ракавици на станарите на Домот за стари „Аеродром“, како и на дежурните вработени во СВР – Скопје. Во Домот за стари лица беше поставен и држач со средство за дезинфекција, а во објектот, како што информира локалната власт, дезинфицирани се и сите влезови.

Мобилните тимови на Црвениот крст даваат поддршка на сите лица што не се во можност сами да се снабдат со прехранбени продукти и лекови. Заинтересираните граѓани може да се јават на телефонскиот број 3 211 417 во периодот од 8:30 до 12:30 часот. Досега помош побарале дваесетина семејства од Општина Аеродром.

Во изминатиот период се врши дезинфекција и на сите основни училишта и градинки, а како што велат од Аеродром, редовно се дезинфицираат и детските и спортските игралишта, контејнерите, кантите за отпадоци, како и целокупната урбана опрема.



За заштита од коронавирусот, Општината обезбеди дезинфекциски средства и држачи за влезовите на станбените згради.

– Сите заинтересирани заедници на станари и управители на станбените згради можат да се пријават на мејлот odnosi.so.javnost@aerodrom.gov.mk каде што треба да остават и телефон за контакт, по што ќе бидат повикани да ги подигнат средствата и држачите од просториите на Општина Аеродром – информираат од локалната власт.

**Град Скопје ги смирува граѓаните**

## Нема присилна наплата на неплатени даноци додека траат мерките на Владата



Во врска со реакциите на скопјани и дезинформациите што се појавија во некои медиуми, Град Скопје ги информира граѓаните дека решенијата за данок на имот и фирмарина, коишто деновиве пристигнуваат на нивните адреси, биле испратени пред да се случи епидемијата со коронавирусот во државата, но поради новонастанатата состојба нема да презема дополнителни мерки кон даночните обврзници.

– Градот Скопје уште еднаш потенцира дека нема да презема никакви дополнителни мерки, вклучително и присилна наплата, кон сите даночни обврзници во Скопје што имаат неподмирени долгови, додека траат препораките и мерките на Владата и Министерството за здравство, а се однесуваат на спречување на ширењето на коронавирусот – соопшти градоначалникот Петре Шилегов на Фејсбук.

Град Скопје, согласно со одредбите на Законот за даноци на имот и Законот за комунални такси, на почетокот на март, како и секоја година, почна со процесот на достава на решенијата за данок на имот до сите физички и правни лица на територијата на град Скопје, како и решенијата за комунална такса-фирмарина до сите правни лица регистрирани во Скопје. Истовремено, се доставија и опомени за неплатени решенија за данок на имот и фирмарина за сите обврзници, кои не го подмириле долгот за 2019 година. Токму доставата на овие решенија предизвика реакција на граѓаните по социјалните мрежи дека градската власт и во ваква сериозна ситуација не се откажува од наплата на своите побарувања.

Поради тоа, од Град Скопје уште еднаш нагласуваат дека нема да преземаат никакви дополнителни мерки, вклучително и присилна наплата, кон сите даночни обврзници во Скопје што имаат неподмирени долгови, додека траат препораките и мерките на Владата и Министерството за здравство, а се однесуваат на спречување на ширењето на коронавирусот.

# ЕНИГМО



- ДОМАКИН (МН.)
- ФРАНЦУСКА БУКВА / ЕДЕН СПОРТИСТ
- И
- „ЕЛЕКТРОКАРДИОГРАМ"
- ПЕЛЕНА (МН.)
- АПОСТОЛ ПРИДРУЖНИК НА СВЕТИ ПАВЛЕ
- ПОЗНАТА ПРИКАЗНА ЗА ДЕЦА ОД БРАКАТА ГРИМ
- КОЈ ШТО Е ОД ОРЕВ (ОРЕВОВ) / ОРГАН ЗА ВИД
- КАКО ОНА
- КОНТАМИНАЦИЈА НА ВОЗДУХОТ
- ЖИВОТИНСКИ ПОРОД / СЛУЖБЕН ИЗВЕШТАЈ
- ЦИЉОЛА ЧИНКВЕТИ (ПРЕКАР) / ИТ. АРТИСТ ФРАНКО
- К
- ЗАЛАК, КАСАЈ
- „ОРЕГОН" / ЕПОХА
- РЕДЕН БРОЈ
- ВИД ЖИТНО РАСТЕНИЕ
- ТАТКО (СТ. СЛОВ.)
- РИЧАРД ГИР
- ИВО АНДРИЌ
- ТЕОДОР ДРАЈЗЕР
- „ЕВРОПСКА УНИЈА"
- „ПОЛИВИНИЛ"
- РАДИУМ / ДРЖАВА ВО АЗИЈА
- ВИД РИБА / ДЕЛ ОД РАКАТА
- АТЛЕТИЧАРОТ ВИРЕН / ШАХИСТ БРАСЛАВ
- ДЕЛ ОД ОТПЛАТА (МН.) / АВТОМОБ. РОЗБЕРГ
- „ЕНИГМО"
- ГРАД ВО БиХ / ПЕСОЧНИ РИДОВИ ВО ПУСТИНА
- НАШ РУДНИК ЗА ОЛОВО И ЦИНК
- ДОМАШНО ЖИВОТНО
- ЗАЧЕСТЕН ОГАН ОД АВТОМАТСКО ОРУЖЈЕ
- „СКРАТЕНИЦА"
- ВСИДАН ОРМАН, ШКАФ
- ГРАД ВО РОМАНИЈА
- СТ. ЕЛИНСКА ПОЕТЕСА ОД ЛЕЗБОС
- СИТЕН ДЕЛ ОД МАТЕРИЈА
- ПЛАНИНА БЛИЗУ БЕЛГРАД
- СВРЗНИК
- ПРИБОР ЗА РАБОТА (МН.)
- ФУДБАЛЕРОТ ХЕНЕС
- НАШ ПОЕТ КОСТА / ТЕСТЕНИНИ ЗА СУПА
- Р
- БРИТАНСКА АРТИСТКА ЖАКЛИН
- АРТИСТКАТА КЕР / ШВАЈЦАР. АРХИТЕКТ АЛФРЕД
- ПОЛУПРОИЗВОД
- ПРИПАДНИК НА МИЛИЦИЈА (ПОЛИЦАЕЦ)
- ИЗУЧУВАЧИ НА „ИДО" ЈАЗИКОТ
- ПОКАЗНО ЗБОРЧЕ



# ДОМИНО КРСТОЗБОР

ДОМИНО ПЛОЧКИТЕ ДАДЕНИ ПОКРАЈ КРСТОЗБОРОТ РАСПОРЕДЕТЕ ГИ НА СООДВЕТНИТЕ МЕСТА ВО МРЕЖАТА ЗА ДА ДОБИЕТЕ ПРАВИЛЕН КРСТОЗБОР. КАКО ПОМОШ ПРИ РЕШАВАЊЕТО, ДАДЕНИ ВИ СЕ НЕКОЛКУ ЦРНИ ПОЛИЊА И СЕ ВПИШАНИ НЕКОЛКУ БУКВИ. ПРИЈАТНА ЗАБАВА!

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | И | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | ■ | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | И | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | ■ | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| О | Т | О | ■ | Р |
| К | О | В | А | ■ |
| О | С | А | К | А |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Д | И | ■ | А | Н |
| И | В | И | ■ | К |
| Л | ■ | Р | А | О |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Е | Р | ■ | П | П |
| Н | ■ | С | Е | Р |
| Т | А | Р | Н | А |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Н | И | Ф | И | К |
| Е | Т | А | Р | ■ |
| Л | Е | Ј | М | О |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| М | А | И | ■ | К |
| А | ■ | С | Л | А |
| Т | И | ■ | Ш | Т |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| С | ■ | Л | А | Н |
| В | И | О | Р | ■ |
| Е | В | Т | И | Н |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| О | П | И | Т | А |
| Т | У | ■ | А | Л |
| И | Л | И | Р | И |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| П | Е | Р | С | О |
| А | Р | Е | О | М |
| П | А | Н | Т | Е |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| О | Р | А | ■ | К |
| В | А | Н | У | А |
| ■ | Т | С | М | ■ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| А | Т | А | Р | Н |
| Н | И | К | С | О |
| ■ | Н | Л | О | ■ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ј | О | Н | ■ | Ј |
| А | В | А | Ц | А |
| ■ | Е | Р | Е | ■ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Т | Е | И | Н | ■ |
| О | К | Н | ■ | Т |
| Т | О | А | Л | Е |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| А | Ц | И | Ј | А |
| Р | О | Д | А | Н |
| Н | ■ | Е | Н | Т |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| О | Д | Е | К | С |
| Н | У | Т | О | К |
| И | Т | О | В | И |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Т | Т | ■ | В | У |
| Н | Е | Г | А | Т |
| А | Н | И | М | А |

## ИТАЛИЈАНСКИ СКАНДИ

| ИТАЛИЈАНСКИ СКАНДИ | ЈАДЕЊЕ ОД ИСЕЧЕН КРОМИД И ПИПЕРКИ | СПЕЦИЈАЛЕН ПРАТЕНИК | ЕДЕН СПОРТ | ПРЕЦИЗНО НАПРАВЕН ПРИМЕРОК НА МЕРКИ, ПРАМЕРКА (МН.) | ПЕЈАЧИОТ КАРАЈЛИЌ / АНИ МАЛИНКОВА | МЕРКА ЗА ЗЕМЈИШТЕ / НИКОЛА ПЕТКОВСКИ / ПОТКОЖЕН ОТОК ОД ЗАТНАТА ЛОЈНА ЖЛЕЗДА | МЕСТО КАДЕ ШТО СЕ СОБИРА ВОДА, БАРА / ОТПАДНИЦИ ОД СВОЈАТА НАРОДНОСТ ИЛИ ВЕРА | АРТИСТКАТА ИПЕР / ХРВАТСКИ ПЕЈАЧ ДУШКО | АЛЧЕН, ИЗЕСЛИВ ЧОВЕК / ГОЛЕМА ИСТЕЧНА ВОДА (МН.) | ПЕРУАНСКА ОПЕРСКА ПЕЈАЧКА (ФОТОС) / ДЕЛ ОД ВАГА | ЈУГ / ВОЛТ / ГЛУПАВИ, НЕСМАСНИ ЛУЃЕ / ТЕМПО | ПОДБУЦНУВАЧИ, ПОТТИКНУВАЧИ / ЕРБИУМ | МАЖЈАК НА ЕДНО ДОМАШНО ЖИВОТНО / НАША ПЕЈАЧКА, ДАПЧЕВИЌ | ДОМ, ЖИВЕАЛИШТЕ / УМЕТНИЧКИ ТАНЧАР | ПИСАТЕЛКАТА ЏОНГ / СТАРОСТ | АМЕРИКАНСКО ИНДИЈАНСКО ПЛЕМЕ / ЕДНАКВИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АМЕРИКАНСКА ТЕНИСЕРКА / АМПЕР | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| НЕПРОФЕСИОНАЛИЗАМ / ВИД МАШИНСКА ПИЛА СО ПОВЕЌЕ СЕЧИЛА | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| ТАЈЛАНДСКА ПАРИЧНА ЕДИНИЦА / ИЗРАБОТУВАЧИ НА РАКАВИЦИ | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| ДОБАР, КВАЛИТЕТЕН / НЕОБУЕН / СРЕДСТВО ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ОРГАНИЗМОТ | | | | | | | | | | | | | | | | | 2 |
| ГОРЕН ДЕЛ ОД ТЕЛОТО / ПРЕМНОГУ МУДАР / МОДЕЛ НА „ФОРД“ | | | | | | | | | | | | | | | | | 2 |
| БОРАЛИШТЕ / ПОТОМОК НА ДРЕВНО ВАВИЛОНСКО КРАЛСТВО / НОЌЕН ЛОКАЛ | | | | | | | | | | | | | | | | | 2 |
| ПОСЛЕДНАТА БУКВА / ХОЛАНДСКИ ШАХИСТ ЈАН / ТРУД, АКТИВНОСТ, ДЕЈСТВО / АВСТРИЈА | | | | | | | | | | | | | | | | | 3 |
| | | | | ШВАЈЦАРСКИ НАЦИОНАЛЕН ЈУНАК ВИЛЈЕМ / СОЈУЗНА ДРЖАВА ВО ИНДИЈА | | | | | | | | | | | | | 2 |
| | | | | РУСКО МАШКО ИМЕ / ДРУГАРИ ОД ИСТА СОБА | | | | | | | | | | | | | 1 |
| | | | | ВОЗИЛО НА РЕАКТИВЕН ПОГОН (МН.) / СВЕТА ГОРА | | | | | | | | | | | | | 1 |
| | | | | СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ УШНИ БОЛЕСТИ / ИМЕТО НА РУСКИОТ БРОДОГРАДИТЕЛ ГУЉАЕВ | | | | | | | | | | | | | 1 |
| | | | | МОМЧЕ ШТО ПОСЛУЖУВА ПРИ БОГОСЛУЖЕНИЕ КАЈ КАТОЛИЦИТЕ (МН.) | | | | | | | | | | | | | 0 |
| | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | |



# А Н А Г Р А М Н И   Р А В Е Н К И

**СУМИРАЈТЕ ГИ БУКВИТЕ ОД ЛЕВАТА КОЛОНА СО БУКВИТЕ ОД СРЕДНАТА КОЛОНА, АНАГРАМИРАЈТЕ ГИ И ЌЕ ДОБИЕТЕ НОВИ ЗБОРОВИ СО СИТЕ БУКВИ. ВО КОЛОНАТА СО РАСТЕР ЧИТАНО ОДГОРЕ НАДОЛУ ЌЕ ДОБИЕТЕ НАЗИВ ЗА АНТИЧКИ СТОЛБ ВО ВИД НА ЖЕНСКА ФИГУРА. КАКО ПОМОШ СЕ ВПИШАНИ БУКВИТЕ ОД ПРВАТА КОЛОНА**

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| К | А | Р | Т | А | + | О | М | А | Н | = | М | | | | | | | | | |
| С | О | Т | И | Р | + | Ф | А | Н | А | = | А | | | | | | | | | |
| П | А | Л | К | И | + | Д | Р | Е | С | = | К | | | | | | | | | |
| Т | И | М | А | Н | + | В | И | Н | О | = | Н | | | | | | | | | |
| Ј | А | П | О | Д | + | И | С | А | Р | = | Р | | | | | | | | | |
| Р | И | С | Т | О | + | М | А | Н | А | = | А | | | | | | | | | |
| Т | А | Ј | Н | А | + | Р | И | В | А | = | В | | | | | | | | | |
| Н | А | Т | К | А | + | К | Р | И | Т | = | А | | | | | | | | | |
| К | Е | Д | А | Р | + | Л | Е | Т | О | = | Е | | | | | | | | | |
| Т | А | Л | И | Р | + | Ч | Е | Т | А | = | А | | | | | | | | | |



## М О З А И К

**5 букви:** *ЕВАНС, ЗБРКА, КИТКА, ОСВРТ, ПОЛЕН, САКИП, САНКА, СКАЛА*

**6 букви:** *АЛАТКА, АНКАРА, АСТИБО, ИВАНКА, КВАРТА, МАСАКР, МИЛАНО, МЛЕКАР, НАСЛОВ*

**7 букви:** *АНТИКОР, АРАМИЈА, ЗАКУСКА, КЛАСИКА, МУНИТИС, НЕКОЛКУ, РЕКЛАМА, РЕКОЛТА, САМАНТА, СТРАНКА, ТРИПОЛИ*

**8 букви:** *АРИЈАДНА, ВАЛЕНТИН, ИЗОХИПСА, МАРАКАНА, СТАНДАРД, ТРАГИЧАР*

**9 букви:** *АВАНТУРИН, СЕРПЕНТИН, ТРАВИЈАТА*

**10 букви:** *ЛЕКОВИТОСТ, МОТИВАЦИЈА, НАВИГАЦИЈА, СТОПАНСТВО, СТРАТОСТАТ*

**11 букви:** *СЛАБА СТРУЈА*

| „ЕНИГМО“ | БЕЗВОЛНОСТ, НЕРАСПОЛОЖЕНОСТ | ИТАЛИЈАНСКИ РЕНЕСАНСЕН УМЕТНИК | ИМАГИНАРЕН БРОЈ | ЈОВАН СТРЕЗОВСКИ | АТЛЕТИЧАРОТ БОЛДОН | МОДНИОТ КРЕАТОР ВЕРСАЧЕ | БИВШ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ООН | ИНДИЈАНСКИ ШАТОРИ | ПРЕКАР НА СЛИКАРОТ ЃОРЃИ АЧЕСКИ | СКАНДИНАВСКО МАШКО ИМЕ | ВЕШТ ПОЛЕМИЧАР | КАТИНА ИВАНОВА | КИСЛОРОД | ПЛАНИНА ВО БиХ | БАЊА, КЛОЗЕТ И ДРУГИ ПРОСТОРИИ ЗА ХИГИЕНА | МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТ (МН.) / НАБЕДУВАЊЕ | B |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАШ ПОСТАР АРТИСТ | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ОДРЕЧЕН ЗБОР | | | СТРУЧЊАЦИ ЗА СТАТИКА / ЖЕНА СО КАРИЕРА | | | | | | | | | | СРЕДСТВО ЗА ОРАЊЕ / ПОНД | | | | |
| ДЕЛ ОД ПРИСТАНИШТЕ | | | | ВИД ДИВИ МАГАРИЊА / ШИНА, ПРУГА | | | | | | | | ДРВЕНА ГРАДЕЖНА ОБЛОГА / ПЕЈАЧКАТА МОНТИЕЛ | | | | | |
| СТАРО РУСКО МАШКО ИМЕ | | | | | „ИНВАЛИД“ / ЛИБЕРИСКИ ФУДБАЛЕР ЖОРЖ | | | | „СРЕДНА СТРУЧНА СПРЕМА“ / ЛУДОЛФОВ БРОЈ (3,14) | | | | ОРАНИЦИ / ПОЗНАТ МАРШ ОД ШТРАУС ТАТКОТО | | | | |
| НАШ ПЕЈАЧ АЛЕКСАНДАР | | | | | | НЕНАОСТРЕН / ПРОТОН | | | | ПУСТИНА ВО ИНДИЈА / ПРОИЗВЕДУВАЧ НА СИРЕЊЕ | | | | БОЈА НА КОЖАТА / ВИД ЗИМЗЕЛЕНО ДРВО | | | |
| ГРАД ВО МАКЕДОНИЈА | | | | | | | УБАВИЦА / ОСТАТОК ПРИ ДЕСТИЛАЦИЈА НА НАФТА | | | | ТРГОВСКИ ПОПУСТ (МН) / МАШКО ИМЕ | | | | | | |
| ГРАД ВО УКРАИНА | | | | | | МИЛАНО / СЕЛО ВО ТЕТОВСКО | | | ТАНЧАРКАТА ДАНКАН / ИНДОНЕЗ. ВУЛКАНСКИ ОСТРОВ | | | | | | | | НАЈГОЛЕМ ФУДБАЛСКИ СТАДИОН |
| ДЕЛО ОД ХЕНРИК ИБЗЕН | | | | | САРАЕВО / ЈУЖНОАМЕРИКАНСКИ ТОВАРНИ ЖИВОТНИ | | | ВУЛКАНСКИ ОТВОРИ / АРАПСКИ ФИЛОЗОФ И ЛЕКАР | | | | | | | | МЕТАР / ГРАД ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА | |
| ПОЛИТИЧАРОТ АМИН | | | | ГРАД ВО СРБИЈА / ВЕТАР ПОКРАЈ ДУНАВ | | | | | | | | | | ЦРНА ШУМСКА КРЕДА / ДЕДО | | | |
| ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ КАВГА | | | | | | | | | | | | „КОЊСКА СИЛА“ / ВИД КРИСТАЛЕН ШКРИЛЕЦ | | | ЕРБИУМ / СЕЛСКИО ПОДРАЧЈЕ (МН.) | | |
| НАУКА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ ТЕХНОЛОШКИ ПРОЦЕСИ | | | | | | | | | | | МУЗИЧКИ ИНСТРУМ. / ГРАД ВО ШВАЈЦАРИЈА | | | | | | |
| ГРАД ВО ЦРНА ГОРА | | | | | | | СРПСКА ОДБОЈКАРКА ОЛГА / ГРАД ВО НОРВЕШКА | | | | | | ТИТ ПОМПОНИЈ / КИРК ДАГЛАС | | | | |
| ПОКАЗНА ЗАМЕНКА | | | | | АРТИСТКАТА МИМИЕ / РЕКА ВО АВСТРИЈА | | B | | | ТЕШКА РАНА, ГОЛЕМА МАКА / РОБЕРТ РЕТФОРД | | | | | | | |
| САРА ЧЕПИШЕВСКА | | | АМЕРИКАНСКА АРТИСТКА / РАДИУС | | | | | | | | | | | | | НЕУТРОН / ПОРТУГАЛИЈА | |
| ПРАИСТОРИСКО ЧУДОВИШТЕ | | | | | | | | | | | | | ОПНА, МЕМБРАНА | | | | |

# ХУМОР

*По венчавката, младоженецот нежно и' шепоти на невестата:*
*- Ете, сега сме соединети за цел живот.*
*- Мили, од каде толкав песимизам?*

*********

*Мајката го прашала синот:*
*- Дали ја подели кутијата со бонбони со сестра ти?*
*- Да мамо. Јас ги зедов бонбоните, а нејзе и' ја дадов целата кутија!*

*********

*Разговараат двајца пријатели:*
*- Зошто го ставиле на програмата овој глупав филм со наслов „И богатите плачат“?*
*- За да ги утешат сиромасите.*

*********

*- Толку многу јадења има на менито, што не можам да се решам што да одберам. - вели гостинот во еден ресторан. - Кажете ми што е специјалитетот на куќата?*
*- Сметката!*

*********

*Во еден ресторан гостинот го прашува келнерот:*
*- Кажете ми која дата е денес?*
*- Па, господине, во рака држите весник, па погледнете во него.*
*- Не може.*
*- Зошто?*
*- Тоа е вчерашен весник!*

*********

*- Миличок, дали би ме спасил кога би паднала во вода?*
*- Зошто да не?! Па, ти и онака постојано тврдиш дека сум способен да направам секаква глупост*

*********

*- Зошто имаш завој на лицето?*
*- Пеглав кога заѕвони телефонот, па се збунив.*
*- А зошто имаш завој и на другиот образ?*
*- Сакав веднаш да повикам брза помош.*

*********

*Еден Шкотланѓанец отишол на забар;*
*- Докторе, многу ме боли забот. Колку чини вадењето?*
*- Со инјекција, десет шилизи, а без инјекција пет шилионзи.*
*- Тогаш, дајте ми инјекција и позајмете ми ја клештата половина час.*

*********

*Млада жена дошла кај лекар. По прегледот тој и' рекол.*
*_ Госпоѓице, па вие сте наполно здрава. Не разбирам зошто дојдовте кај мене.*
*- Искрено да ви кажам докторе, задутре се мажам, па сакав да се навикнам на соблекување пред маж.*



„ЕНИГМО“ | АФРОДИЗИЈАК ОД ШПАНСКА БУБАЧКА | J | ПЕЈАЧОТ УЗУНОВ / СОПСТВЕНИК | МАРКА ПАСТИ ЗА ЗАБИ | ЕСКИМСКА ВЕТРОВКА | ГЕРМАНИЈА | ПОРАНЕШЕН БРАЗИЛСКИ ФУДБАЛЕР | АМЕРИКАНСКИ АРТИСТ | ПРОСТ БРОЈ | T | ПИСАТЕЛОТ ФРАНС | АМЕРИКАНСКИ РЕЖИСЕР ЏОН

ДУБЛЕР ВО ОПАСНИ ФИЛМСКИ СЦЕНИ

ЕДЕН ХОРОСКОПСКИ ЗНАК / РАДИУМ

ПИСАТЕЛОТ ПАНОВ / НАУКА ЗА ТУМОРИТЕ

БЕЛА КРПА ВЕЗЕНА ПО РАБОВИТЕ / ГАЛИУМ

О

ПРВАК, ШАМПИОН / УРЕД НА ЕКОНОМ

С

ГОРА ВО ТЕСАЛИЈА / ФРАНЦ. ПИСАТЕЛ ГИЈОМ

ЗАПИРАЊЕ (МН.) / АМПЕР / ОТО ЛАНГ

СЛИКАРКА ТЕМКОВА / НАШ ПИСАТЕЛ БЛАГОЈА

КАКО ОНОЈ / ФУДБАЛЕРОТ БЛОХИН

СЕКОЈ ПОНЕДЕЛНИК „ЕНИГМО“ | АМЕРИКАНСКА АРТИСТКА (ФОТОС ГОРЕ) | ВИД ПЛАТНО, АСЕ | НАШ ПОСТАР ПЛИВАЧКИ МАРАТОНЕЦ | МНОГУ СТАР | РЕКА ВО ЈУЖНА АМЕРИКА / РИЕКА

ГРАД ВО ПОЛСКА / АРТИСТКАТА БАКСТЕР

ЗАЈАДЛИВ, КАВГАЏИСКИ РАСПОЛОЖЕН

СИМЕНС / АРОМА (МН.)

ЕДЕН ОД БИТЛСИТЕ ЏОН / ОБЕМ (МН.)

ТЕМПО

АРАПСКИ ГЛАВАТАР, КНЕЗ (МН.)

ЕРМЕНСКА ПАРИЧНА ЕДИНИЦА / ПЕСНА НА Д. МОДУЊО

СРЕДСТВО ЗА ПРАВЕЊЕ ПЕНА / ЅИД ПОД ПРОЗОРЕЦ

ИМАГИНАРЕН БРОЈ / АРТИСТОТ ХАРИС

ПЕНЛИВО ВИНО, ШАМПАЊ

ГРАД ВО КАНАДА / МОДРИНКА ОД КРВ ПОД КОЖА

МАТЕМАТИЧКА ГРАНИЦА / ПИСАТЕЛОТ ЧИНГО

„ИЗДАВАЧКА РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА“

ВОНРЕДЕН ПАРИЧЕН ПРИХОД / МЕСО БЕЗ КОСКИ

8 - ма БУКВА / ШПАНСКИ ПОЕТ ГАРСИЈА

ПРЕДЛОГ (ВРЗ) / ЛИЧНА ЗАМЕНКА

АМЕРИКАНСКА АРТИСТКА (ФОТОС ДОЛУ)

ГЕРМАНСКИ ПОЛИТИЧАР КЛАУС

МАЖЕСТВЕНОСТ, ЗРЕЛА ВОЗРАСТ / АЗОТ

ДЕНАР / НАВИДУМ

ГЕРМАНСКА АТЛЕТИЧАРКА РОЗЕМАРИ

ЧАЈНИК / ДОДАВАЊЕ ТОПКА НА СОИГРАЧ ВО СПОРТ

НИНА РИЧИ / БОЦКА

МЛАДА ФИДАНКА

ВИД ЗЕЛЕНЧУК / АНАЛИСТ

ГРЧКА БУКВА / КОМПОЗ. ФРИДРИХ ХЕНДЛ

ПРОТИВОТРОВИ ВО ОРГАНИЗМОТ

ЕТХЕМ НАГАЛЕНО / УЖИВАТЕЛ НА ЕТЕР

МОГИЛА / ГОЛЕМ ГЛУШЕЦ, СТАОРЕЦ

НЕУТРОН

„ОПШТО - НАРОДНА ОДБРАНА“ / АВСТРИЈА

ВИД МОРСКА РИБА / АРТИСТКА МАРГРЕТ

ПЕЈАЧКАТА ВЕЛЕТАНЛИК / ПРОДАВАЧ НА СОЛ

ЛОША СУДБИНА, НЕСРЕЌА

ТОНА / ТОПЕЊЕ РУДА

ИСТОК / МУСЛИМАНСКО ЖЕНСКО ИМЕ

ТРИЦИФРЕН БРОЈ / НАПРАВИ ЗА ЛЕТАЊЕ

ОРЕГОН / МИРИСНО СРЕДСТВО



РЕКА ВО ФРАНЦИЈА / АМЕРИКАНСКИ ТВ ВОДИТЕЛ ЏЕЈ

ИТАЛИЈА / ПЕЈАЧКАТА ФРЕНКЛИН

БЛОКЧЕ, БЕЛЕЖНИК / ГЕОМЕТРИСКА СЛИКА

К

НАРОДЕН ТАНЦ / НЕПОЗНАТА ВО МАТЕМАТИКА

ИЉАДА МЕТРИ / КРАТОК НАУЧЕН СОБИР

МУСЛИМАНСКО МАШКО ИМЕ / СОМБОР

П

ВИД ИГРА СО КАРТИ / ПОНД

ТЕМПЕРАТУРА

УРУГВАЈСКИ ФУДБ. ТИМ / ПАРИЧНА ВРЕДНОСТ НА СТОКА

ОТПАДНИК ОД ВЕРА ИЛИ УЧЕЊЕ

## АФОРИЗМИ

– Неоправдано го запоставија, а требаше – оправдано!

– Некои луѓе од грешките само учат, а некои бога ми, и докторираат!

– Откриен е центарот на организираната побуна. Мислите доаѓаат од главата!

– Постануваме депресивни. Повеќе не умееме да се радуваме ниту на туѓата несреќа!

# СУДОКУ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 2 | 4 | | 1 | |
| | | | 8 | | | | | 6 |
| | | 2 | 9 | | 6 | | | 4 |
| | | 9 | 6 | | | | 5 | |
| | 2 | 1 | | | | 4 | 6 | |
| | 7 | | | | 3 | 1 | | |
| 8 | | | 2 | | 7 | | | |
| 5 | | | | | 8 | | | |
| | 9 | | 1 | 4 | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | | | | 6 | | | | |
| | 7 | 9 | | 3 | | | | |
| 4 | | | | | 9 | | 1 | 7 |
| | | 2 | | 4 | 1 | 7 | | |
| | 1 | 4 | | | | 9 | 5 | |
| | | 7 | 6 | 5 | | 4 | | |
| 1 | 5 | | 8 | | | | | 4 |
| | | | | 2 | | 1 | 7 | |
| | | | | 1 | | | | 3 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 2 | 8 | 3 |
| | | | | | 8 | 9 | 7 | |
| | | | | | | 5 | | |
| 8 | | | | 4 | 5 | | 6 | |
| 6 | | 5 | 1 | | 3 | 7 | | 9 |
| | 2 | | 6 | 7 | | | | 5 |
| | | 3 | | | | | | |
| | 1 | 2 | 5 | | | | | |
| 7 | 8 | 9 | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | 6 | | | 2 | | 9 |
| | | 6 | 2 | 9 | | | | |
| 3 | | | | | 5 | | 8 | |
| | | 9 | | 4 | | | 5 | 1 |
| | 8 | | | | | | 2 | |
| 2 | 1 | | | 3 | | 9 | | |
| | 2 | | 4 | | | | | 5 |
| | | | | 1 | 9 | 8 | | |
| 6 | | 1 | | | 8 | | | 4 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | | 4 | 9 | | 1 | | | 2 |
| | | | | 6 | 7 | 5 | | 4 |
| 1 | 2 | 5 | | | | | 9 | 6 |
| | | 7 | | | | 2 | | |
| 9 | | | 4 | | | 3 | | 5 |
| | | | 1 | 3 | 5 | | | |
| | | | 3 | 2 | 4 | | | |
| | 9 | | | | 8 | | 6 | |
| 4 | 5 | | | | | 1 | | 3 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3 | | | 7 | | 4 | |
| 6 | | | | 5 | | 8 | | |
| | 7 | 9 | | 3 | | 5 | | 1 |
| 3 | | | 7 | | 5 | | | |
| | 8 | 5 | | 6 | | 7 | 2 | |
| | | | 1 | | 2 | | | 5 |
| 7 | | 8 | | 4 | | 2 | 9 | |
| | | 4 | | 2 | | | | 7 |
| | 2 | | 8 | | | 1 | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 1 | 2 | |
| | 5 | 3 | | | | 4 | | |
| 1 | | 4 | | 8 | 6 | | | |
| 7 | 6 | | | | 4 | | | 5 |
| 5 | | | 2 | | | | 7 | |
| | | 1 | | 5 | | | 3 | 9 |
| | 4 | | 8 | 2 | 5 | | | |
| | | 5 | 4 | | | | | 8 |
| 3 | | | 7 | | | | | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | | | 3 | 7 | | | | 4 |
| | | | 8 | | | | | 2 |
| 4 | | | | | | 1 | 7 | |
| | | | | | | 8 | | 9 |
| | | 5 | 7 | 1 | 8 | | | |
| | 1 | | 6 | | 2 | | | |
| | 9 | 8 | | | | 3 | 2 | |
| | 2 | | | | | 9 | | |
| | 5 | 4 | | | 9 | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 7 | | 8 | | | | 9 |
| | 9 | | | | 6 | | 4 | 1 |
| | 8 | | 4 | | | | 6 | |
| | | | 5 | | | 4 | 7 | |
| | | | 3 | | 8 | | | |
| | 6 | 5 | | | 7 | | | |
| | 7 | | | | 4 | | 3 | |
| 8 | 5 | | 7 | | | | 9 | |
| 4 | | | | 5 | | 1 | | |

# АНАГРАМИРАЈТЕ САМИ

| А | А | В | Е | К | Н | О | Р | У |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | Е | И | К | Н | П | Т | Ц |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | Г | Н | Н | О | Р | Т | У |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | А | Д | И | М | Н | Н | Р |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | В | К | Н | О | Р | Т | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| В | Е | З | И | К | Л | О | П | С |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | Д | И | Ј | Н | О | Ф | Ц |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | Е | И | М | Н | О | Р | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | Д | Е | И | Л | Н | О | П | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| Е | И | К | Н | Н | Н | О | Т | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| В | В | Д | Е | О | О | С | Т | Ш |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | В | М | Н | О | О | С | С | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |




# КВИЗ НА ЗНАЕЊЕ И ИНФОРМИРАНОСТ

**1.** Зборот „робот“ има:

а) англосаксонско потекло
б) романско потекло
в) словенско потекло

**2.** Првата „тројка“ во историјата на НБА натпреварите ја постигнал:

а) Ајзеја Томас
б) Пит Маравич – Пиштол
в) Крис Фокс

**3.** Летната резиденција на султаните во Цариград – Долмабахче Сарај, во буквален превод значи:

а) долгнавеста тиква
б) расцветана краставица
в) полнета пиперка

**4.** Имињата на браќата Грим се:

а) Јакоб и Вилхелм
б) Георг и Јохан
в) Ото и Цирил

**5.** Чамбавамба е:

а) африкански народен танц
б) името на популарна британска поп група
в) индијански врач од племето Команчи

**6.** Првиот пејач на „Битлсите“ бил:

а) Роберт Сатклиф
б) Џорџ Харисон
в) Ерик Клептон

**7.** Тарантела е:

а) италијански народен танц
б) отровен пајак
в) јака везена со свилен конец

**8.** Чарли Чаплин по националност бил:

а) Австралиец
б) Американец
в) Англичанец

**9.** Медреса е:

а) вечерна мухамеданска молитва
б) муслиманско верско училиште
в) милосница на турските великодостојници

**10.** Загатката на Гордиевиот јазол во антиката ја разрешил:

а) Филип Втори
б) Александар Македонски
в) Демостен

**11.** Полиандрија е:

а) музичка форма на машко хорско пеење
б) болест карактеристична за полинезиските домородци
в) брак на една жена со повеќе мажи

**ОДГОВОРИ**

1 - в, 2 - в, 3 - в, 4 - а,
5 - б, 6 - а, 7 - а, 8 - в,
9 - б, 10 - б, 11 - в

## ЗАНИМЛИВОСТИ

*На свадбата на шеесетгодишниот Симон Ларсен и неговата 19-годишна невеста, со која се венчал во Копенхаген, гостите биле послужени со највисоката торта на светот. Оваа торта која на прославата пристигнала со камион, имала 40 катови и била висока дури 11 метри и 30 сантиметри, како некоја стоковна куќа.*

*********

*Најдолгата реченица без каква било интерпункција е резултат на пишувањето на некојси Аксел Милер од Брауншвајг, Германија. Во 5.133 зборови е собран целокупниот негов живот.*

*********

*Влијанието од Запад е се’ powидливо и во Кина. Во последно време дури има се’ повеќе млади Кинески кои се подложуваат на естетски операции за да ги „исправат“ своите коси очи.*

*********

*Еден лектор неодамна и’ го вратил лекторираниот текст на издавачката куќа „Оксфорд јуниверзити прес“, со извинување поради задоцнувањето. Текстот му бил даден за лекторирање уште во 1969 година.*

## Русија ги затвора границите

• Русија ќе ги затвори своите граници во обид да го спречи ширењето на коронавирусот. Мерката ќе се однесува на сите возила, железничкиот сообраќај и пешачките контролни пунктови, како и на руските поморски граници.
Од оваа мерка ќе бидат изземени само руските дипломати и возачите на камиони. Русија веќе ги прекина меѓународните летови.



**САД** И покрај најавите за воспоставување карантин

# Трамп се премисли околу затворањето на Њујорк

**Трамп претходно ја објави можноста за затворање на Њујорк и делови од Њу Џерси и Конектикат како мерка за борба против коронавирусот. Сепак, тоа наиде на голем отпор кај локалните власти, кои предупредија дека не постои законска мерка за реализација на таквата одлука**



Претседателот на САД, Доналд Трамп, одлучи дека нема потреба сојузните држави Њујорк, Њу Џерси и Конектикат да бидат ставени карантин, а како алтернатива од Здравствениот центар на земјата е издадено предупредување за патување во овие држави.

Трамп претходно ја објави можноста за затворање на Њујорк и делови од Њу Џерси и Конектикат како мерка за борба против коронавирусот. Сепак, тоа наиде на голем отпор кај локалните власти, кои предупредија дека не постои законска мерка за реализација на таквата одлука.

Гувернерот на Њујорк, Ендрју Куомо, изјави дека затворањето би било „смртоносно“ и „антиамериканско“, а намерата на претседателот ја опиша како вовед во нова граѓанска војна на САД.

Тој додаде дека Њујорк веќе спровел карантински мерки, како што е забрана за големи собири и им нареди на луѓето да останат дома, но дека ќе се спротивстави на какви било напори да го „затворат“.

Според многубројните извештаи што доаѓаат од Њујорк, болниците се пренатрупани од пациенти заболени од ковид-19, а бројот на легла, респиратори и неопходна медицинска и заштитна опрема се далеку од потребното ниво. Во лекувањето на болните се вклучија и медицински тимови на американската морнарица, но и тоа не е доволно за адекватно третирање на пациентите.

Во американската сојузна држава Илиноис почина бебе заразено од коронавирусот. Во Илиноис во последните 24 часа починале уште 13 луѓе инфицирани со ковид-19, а регистрирани се 465 нови случаи. Во поголем број градови состојбата е слична, а според надлежните состојбата со заразата ќе се влошува од ден во ден.

Во САД досега се регистрирани 123.776 заразени луѓе, од кои 2.229 починале, а оздравеле 3.231 лица.

**Фокс њуз.**

## Триш Реган доби отказ

Конзервативната водителка на Фокс њуз, Триш Реган, доби отказ од телевизијата поради тоа што неколкупати во програма повтори дека ширењето на коронавирусот е „измама“ на демократите.

Реган се најде на силен удар на критики од јавноста откако во својата популарна емисија „Триш Реган прајмтајм“, коментираше дека медиумските извештаи за коронавирусот се уште една „импичмент измама“ за „уништување на претседателот Трамп“.

Неколку денови подоцна, од Фокс њуз соопштија дека емисијата на Триш Реган ќе паузира, поради потреба од термин за известување околу пандемијата од коронавирусот, навестувајќи дека е раскинат договорот со Реган.

– Благодарност за нејзиното учество во програмите на мрежата, ѝ посакуваме континуиран успех во идните ангажмани - соопштија од телевизијата.



**Во Европа не се гледа крајот на пандемијата.**

# Во Италија и натаму песимистички предвидувања



**← Во Италија досега 92,472 луѓе се инфицирани со ковид-19, оздравеле 12,384, а починале над 10.000,**

Во Италија бројот на смртни случаи како последица од ковид-19 викендов се искачи над 10.000, откако во само во саботата починаа 889 луѓе.

Иако бројот на новозаболени постепено се намалува, локалните власти се песимисти во прогнозите за крајот на заразата, која се закануваа да однесе уште голем број на животи. Во меѓувреме е објавено дека медицински екипаж од 30 доктори и сестри ќе допатува во земјата од Албанија, со цел да му се помогне на тамошниот болнички персонал, кој е десеткуван по неделите поминати во негување на пациентите.

Во Италија досега 92,472 луѓе се инфицирани со ковид-19, а оздравеле 12,384.

Лоша е ситуацијата и во Шпанија, каде што во последните 24 часа починаа 832 луѓе како последица од коронавирусот, што е најголем број на смртни случаи за еден ден во оваа земја. Досега вкупно починале 5.690 лица во Шпанија, каде што трендот на новозаразени сѐ уште расте.

Алармантно е и во Франција, каде досега 37.575 луѓе се инфицирани, а од нив 2.314 починале.

Во Австрија во неделата првпат од почетокот на пандемијата е забележано намалување на инфекцијата под 10 отсто. Според здравствените власти 8.122 луѓе се позитивни на новиот коронавирус, а 410 се излекувани.

Северна Ирска воведе поригорозни мерки во борба против новиот коронавирус. На сите граѓани им е забрането напуштање на домовите без причина, а ќе бидат затворени и локалите и фирмите, ако не водат сметка за безбедноста на вработените. Во Северна Ирска во неделата починаа уште две лица, со што бројот на смртни случаи се искачи на 34, а регистрирани се 2.415 случаи.

**Кина.**

## Епидемијата е целосно под контрола

Во континенталниот дел на Кина се регистрирани 45 новозаразени со ковид-19, девет случаи помалку од претходниот ден, соопшти Националната здравствена комисија.

Во саботата беа регистрирани пет смртни случаи, сите во Вухан, каде во декември изби епидемијата. Но, во Вухан во изминатите десет дена пријавен е само еден пациент заразен со новиот коронавирус. Сите новозаразени се од странство.

Во изминатите седум дена Кина пријави 313 „увезени случаи“ и само шест пациенти, кај кои е потврдено дека дошло до локална трансмисија.

Во континенталниот дел на Кина вкупно починаа 3.300 луѓе, додека 81.493 се инфицирани.

# Гастрономија

Три работи не можат долго да бидат скриени: Сонцето, Месечината и вистината.

Чудотворен лек.

## Со црна ротквичка и мед изборете се со сувата кашлица



Овој вид ротквичка важи за многу лековито растение. Освен како дел од салатите, многу често се користи и како средство што го поттикнува апетитот.

Црната ротквичка е исклучително здраво растение, кое треба редовно да се внесува во исхраната. Овој корен е исклучително тешко да се најде на нашите зелени пазари, па токму поради тоа, најверојатно и многу малку се консумира на овие простори.

Покрај фактот што е тешко достапна, малкумина знаат и дека оваа ротквичка воопшто ја има.

Наместо тоа, на трпезите најчесто ја користат црвената, а белата и црната речиси и воопшто да не ги јадат.

**Помага во зголемување на апетитот**

Црната ротквичка е лековито растение. Таа освен како дел од салатите, многу често се користи и како средство што го поттикнува апетитот.

Доколку имате проблем со апетитот, заедно со главното јадење, редовно јадете рендана црна ротквичка во комбинација со кисело јаболко.

Доколку сакате дополнително да ѝ го збогатите вкусот, можете во салатата да додадете и сечкани маслинки, а сето тоа убаво да го зачините со маслиново масло или да го јадете во комбинација со кисело млеко.

**Го олеснува дишењето**

Црната ротквичка иако кај нас нема долга историја на користење, насекаде во светот се користи како природен лек против суво кашлање и како природен начин на лекување одредени полесни респираторни заболувања.

Доколку сакате да направите лек со кој постојат огромни шанси да го излекувате сувото кашлање, треба да подготвите црна ротквичка со мед.

Откако убаво ќе ја измиете ротквичката, пресечете ја на половина, а во средишниот дел на едната половина од плодот, направете вдлабнатина. Вдлабнатината наполнете ја со мед.

Откако ќе ја направите оваа постапка, затворете ја со неиздлабениот дел од плодот и оставете го медот да отстои околу 12 часа.

Ваков лековит сируп треба да го земате од 4 до 5 пати во текот на денот.

Доколку правилно сте го подготвиле и редовно го пиете, со него ќе си го олесните дишењето, но и ќе ја излекувате кашлицата.



Рецепти.



### Сос за тестенини

**СОСТОЈКИ:**

- 250 грама мелено месо
- 2 лажички маслиново масло
- 1 чешне лук
- 1 морков
- 1 зелена пиперка
- 1 главица кромид
- 150 грама сланина
- 1 лажица мешан сув зеленчук
- 200 милилитри црно вино
- 300 милилитри доматен сос
- сол, црн бибер

**ПОДГОТОВКА:**

Во тава на оган, загрејте го маслото за јадење и ситно исечкајте ги лукот и кромидот. Убаво пропржете ги, а потоа додајте го и меленото месо како и исечканата сланина на коцки. И нив неколку минути испржете ги. Во меленото месо додајте го и изренданиот морков како и доматното пире. Динстајте неколку минути, а потоа додајте го и виното како и потребните зачини. Динстајте околу 30 минути, односно додека не испари околу половина од течноста.

### Редена торта со кафе

**СОСТОЈКИ:**

- 500 грама бисквити
- 50 грама кафе капучино
- 250 милилитри млеко
- 3 јајца
- 6 лажици шеќер
- 500 милилитри слатка павлака

**ПОДГОТОВКА:**

Во подлабок сад, со миксер убаво изматете ги јајцата заедно со шеќерот. Матете додека не добиете пенеста смеса. Потоа почнете постепено да ја додавате слатката павлака и постојано мешајте со миксер додека не добиете цврст фил. Потоа на оган ставете го млекото да се загрева, а во него додајте го капучиното. Млекото и капучиното ставете ги во чинија, а потоа една по една потопете ги бисквитите и редете ги во соодветен калап. Кога ќе наредите еден ред, ставете дел од претходно подготвениот фил. Постапката повторувајте ја додека не ги потрошите сите бисквити и целиот фил. На крај, со остатокот од филот премачкајте ја површината на тортата како и страничниот дел. Пред да ја јадете тортата, оставете ја да отстои околу 5 часа во фрижидер за да омекнат убаво бисквитите.



Бидете многу внимателни!

## Дали коронавирусот се пренесува преку храната?



• Дали коронавирусот може да се пренесува преку храната е едно од најчесто поставуваните прашања во изминатиот период и се разбира дилема што мнозина сакаат да се реши.

Според информациите што ги пласираше Европската агенција за безбедност на храната, сè досега не постојат никакви докази дека коронавирусот на кој било начин може да се пренесе преку храна.

Од оваа институција нагласија дека досега не се регистрирани случаи што покажале дека некои луѓе се заразиле со ковид-19 откако јаделе одредена храна што претходно е „заразена“.

Според стручњаците, единствено е можно да се заразиме со коронавирус додека јадеме одредено јадење, доколку претходно некој заразен кивнал врз храната, а потоа ние сме ја изеле.

Сепак, внимателноста никогаш не е на одмет, па затоа секогаш добро термички обработувајте ја храната што ја јадете, а исто така обидете се и поголемиот дел од храната да ја подготвувате во домашни услови... Меѓу другото, како еден вид превентива, неодамна белгиските здравствени власти воведоа забрана во рестораните во оваа земја да престане да се служи непечено месо.

# Спорт

**Бокс** Евакуирани македонските боксери

## Јанески и Љама конечно се вратија во Скопје

**Љама и Јанески останаа во Лондон поради затворањето на аеродромот во Скопје. Боксерската федерација на Македонија двапати се обиде да ги врати во Скопје, но за жал неуспешно, еднаш преку Истанбул и вторпат преку Солун бидејќи Турција и Грција во последен момент ги затворија границите**



↑ **БФМ изразува благодарност до организаторите на турнирот во Лондон, кои максимално се ангажираа нашите боксери да имаат комотен престој во Лондон**

Репрезентативците на Македонија Јасин Љама и Гоце Јанески во саботата доцна навечер преку Софија се вратија во Македонија, откако 19 дена беа во Лондон каде што учествуваа на квалификациското турнир за ЛОИ во Токио.

Олимпискиот турнир поради ситуацијата со пандемијата од коронавирусот по само два дена беше прекинат од организаторите.

Љама и Јанески останаа во Лондон поради затворањето на аеродромот во Скопје. Боксерската федерација на Македонија двапати се обиде да ги врати во Скопје, но за жал неуспешно, еднаш преку Истанбул и вторпат преку Солун бидејќи Турција и Грција во последен момент ги затворија границите.

- БФМ изразува голема благодарност до сите вработени во амбасадите на Македонија во Лондон и во Софија за помошта што ни ја пружија да ги вратиме Јасин Љама и Гоце Јанески дома. Воедно, БФМ изразува благодарност и до организаторите на турнирот во Лондон, кои максимално се ангажираа нашите боксери Љама и Јанески да ги имаат сите неопходни услови за комотен престој во престолнината на Англија - истакнуваат од Боксерската федерација на Македонија.

Љама и Јанески се сместени во задолжителен карантин во Скопје во хотел „Ибис“ каде што ќе престојуваат следните 14 дена.

**Ковид-19.**

## Хоспитализиран е легендарниот турски голман Рушту

• Легендарниот турски голман Речбер Рушту е хоспитализиран откако било утврдено дека е позитивен на коронавирусот ковид-19.

- Сè беше нормално, но одеднаш почнаа брзо да развиваат симптомите на болеста. Во шок сме, ова се критични времиња. Најтешко е што не можеме да го видиме. Имајте свест и совест и почитувајте ги другите - изјави неговата сопруга Исил.

Рушту е рекордер по бројот на настапи за турската репрезентација. Ги имаше 120, а во кариерата настапуваше за неколку клубови. Најголема трага остави во Фенербахче, чиј гол го бранеше цели 11 години. Од 2003 до 2006 година беше член на Барселона, а се пензионираше во Бешикташ во 2012 година.

**Фудбал.**



## На владина помош се надеваат и второлигашите

Екипите што се натпреваруваат во двете втори фудбалски лиги на Македонија испратија барање до Владата, во кое се бара да им биде доделена финансиска помош за наредниот период. Фудбалската сезона е во прекин и сè уште нема најава кога натпреварувањето би можело да продолжи, а второлигашите се жалат дека без државна помош тешко дека ќе успеат да ја завршат годинава.

- Фудбалските клубови се на аматерска основа и не оствaруваме никакви приходи по ниту една основа, единствен приход се донации, кои сега се поврзани со добивањето на ваучер и спонзорства, кои од воведувањето на ваучерите се нула. Во овој момент се соочуваме со ситуација да не може да ги реализираме ваучерите, ниту да добиеме спонзорства од компаниите, а трошоците останаа исти, се однесуваат на личен доход за многу малку лица и хонорари, како единствен начин за финансирање на фудбалерите и останатите лица ангажирани во клубот - се вели во соопштението на фудбалските второлигаши.

На иницијативата се потпишани десетте екипи од Втората лига – исток, како и седум екипи од Втората лига – запад.

**Ракомет.**



## На Хорхе Македа не му е до Вардар

• Хорхе Македа како и другите ракометари од Европа е во изолација. Неговиот тим Пик Сегед во осминафиналето од ЛШ треба да се сретне токму со Вардар, неговиот поранешен клуб, но Шпанецот искрено порачува дека во моментов воопшто не размислува на ракометот.

- Искрено, мислите не ми се насочени кон ракометот. Ова не е време да размислувам за Вардар, сите ние сме фокусирани само на тоа да останеме здрави и да го победиме коронавирусот. Кога ќе биде донесена одлука за враќање на тренинзи, ќе се насочиме кон ракометните предизвици. Ова беше добра сезона за мене и за Пик Сегед во моментот на прекинот, но сега натпреварувањето е на второ место - истакна Македа.

Овој ракометар на крајот од сезонава ќе ги промени клупските бои, селејќи се во унгарскиот гигант Веспрем.

**Италија.**



## Годин е лут на Серија А

• Италија е завиена во црно, бројот на жртвите од коронавирусот ја надмина и границата од 10.000, здравствениот систем е на колена, а никој на Апенинскиот Полуостров нема смелост да прогнозира кога хаосот би престанал.

Дефанзивецот на Интер, Диего Годин, само додаде сол на раната порачувајќи им на Италијанците дека самите се виновни за големата трагедија, поради презадоцнетата реакција на властите.

- До последен момент бевме изложени на опасност. Челниците на Серија А го држеа фудбалот на конец сè до граница на пукање, бараа да играме додека ситуацијата не стана неподнослива, а здравствениот систем во земјата колабираше. Лажевте дека сè е нормално, ние моравме да тренираме, да играме натпревари. Потоа забранивте присуство на навивачи, па се докажа дека Даниеле Ругани од Јувентус е позитивен на коронавирусот. Се чекаше таков случај за да биде првенството запрено, што е недозволиво. Мислевте дека коронавирусот е проблем на Кина, а сега на клиниката нема доволно кревети за болните. Лекарите се вистински херои, не можат да постигнат да им помогнат на сите луѓе - истакна Годин.

Уругваецот поради конфликтот со Антонио Конте се наоѓа пред заминување од Интер, процес што сигурно ќе биде дополнително забрзан со овие негови жестоки критики.

# Забава

## Занимливости.



## Хотел нуди луксузен „пакет ковид-19“: личен готвач, лекари, тестирање

• Швајцарски луксузен хотел може да се пофали со услуга во која имате минимален контакт со другите луѓе, а со појавата на коронавирусот и социјалното дистанцирање, тоа го подигнал на повисоко ниво.

Пакетот вклучува престој во луксузен апартман, услуга од лекар специјалист, личен готвач, достава на храна, па дури и тестирање за коронавирус.

„Не мора да се изложувате на опасност покрај заразените пациенти и можноста за дополнителни инфекции во болниците. Со нашите здравствени партнери ви гарантираме медицински прегледи и тестови на коронавирус во вашиот апартман“, стои на интернет-страницата на хотелот.



„Л Бижу“ има 42 апартмани, кои ги опишуваат како „луксузен ер-би-ен-би“ во нивните имоти низ Швајцарија. Сите се опремени со сауна, џакузи, камин и теретана, пренесува „Инсајдер“.

Освен хигиеничари, нема друг персонал, а на гостите им се достапни луѓе што ќе им нарачуваат храна, личен готвач, масажер и слично.



- Сè е направено така што не мора ниту да гледате други луѓе - објаснил директорот на хотелот, Александер Хубнер.

Тој додал дека луксузниот „пакет ковид-19“ бил следен логичен чекор и дека гостите почнале да бараат сè подолго сместување и сè повеќе лекарски услуги. Истакнал дека сепак ги намалиле цените за престој.

Ноќевањето што досега чинело околу 1.000 долари, сега го намалиле речиси двојно. Посета на лекар двапати дневно чини околу 800 долари, а тестирањето околу 500 долари. Целодневна грижа од медицински персонал чини дополнителни 5.200 долари, а двенеделен престој од 6 до 80 долари, во зависност од тоа што сè е вклучено во пакетот.



## ВИЦОВИ



### НАСЛЕДСТВО

Се враќа синот доцна од излегување, а мајка му и татко му почнуваат да му викаат:

- Каде си ти досега? Колку е часот? Дали имаш ти куќа?

А синот им одговара:

- Немам, чекам да ми ја препишете.

### ЖЕЛБИ

Еден маж седи во ресторан. Го вика келнерот и го прашува:

- Дали пејачката исполнува желби?

- Да, господине.

- Тогаш кажете ѝ да замолчи!

### ИСПОВЕД

Цветко оди да се исповеда во црква:

- Оче, грешев!

- Што направи, чедо божјо?

- Се оженив!

- Но, тоа не е грев.

- Нема врска, јас сè уште жалам.

### ЗДИВ

Трпе чита весник и ѝ вели на Трпана:

- Замисли, Трпано, во весников пишува дека секогаш кога ќе вдишам и издишам, умира по еден човек!

- Нормално, кога не ги миеш забите!

### ОДЛУКА

Мајката ја испраќа својата ќерка на забава:

- Ајде, убаво помини си, и биди добра.

- Е, па, мамо, ќе мораш да се одлучиш.

### КЛАВИР

Трпе свири на клавирот во цел занес. Доаѓа Блажо и го прашува:

- Пријателе, како можеш да свириш, кога вчера ти почина Трпана?!

- Не се грижи за тоа, пријателе, јас свирам само на црните типки!

## Деновиве пред години.







**1981.** Американскиот претседател Роналд Реган во момент додека излегувал од хотел „Хилтон“ во Вашингтон лесно бил повреден од атентаторот Џон Хинкли. Тој во судот изјавил дека сакал да ѝ остави впечаток на актерката Џоди Фостер. Џон Хинкли е прогласен за невин како душевно болен на судењето во 1982 година, кога му се дијагностицирани депресија и психоза, кои сега се во ремисија, според неговите лекари. Тој бил ослободен по повеќе од 35 години минати во психијатриска болница.

**1986.** Умрел американскиот филмски актер Џејмс Кегни. Познат е по големиот број филмски остварувања: „Државен непријател“, „Грешников одмор“, „Премин до пеколот“, „Победникот зема сè“, „Сонот на летната ноќ“, „Оклахома Кид“, „Јенки Дудл Данди“, „Крв на сонце“, „Цена на славата“, „Човек со илјада лица“, „Еден, два, три“. „Регтајм“. Ќе остане најмногу запаметен по неговите гангстерски улоги, како и по неговата изведба што му го донесе единствениот Оскар во 1942 година во „Јенки Дудл Денди“. Во 1999, Американскиот Филмски Институт го поставува Кегни на осмото место на нивната листа на најголеми филмски ѕвезди во филмската историја.

**2007.** Најмалку 54 лица, од кои повеќето странци од различни исламски земји, биле убиени во судирите меѓу терористите поврзани со Ал Каеда и припадниците на пакистанските племиња во регионот на Јужен Вазиристан. Станува збор за провинција на границата со Авганистан, која служи како база на талибанските бунтовници.

## Избор од ТВ-програмата понеделник



**22:00** МТВ 1
**Преспав**
играна серија



**21:00** КАНАЛ 5
**Забранетото јаболко**
играна серија



**23:20** 24 ВЕСТИ
**Женски Рај**
играна серија

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 09:50 | Си било еднаш |
| 10:30 | ТВ училница |
| 12:15 | Бушава азбука |
| 15:25 | Тајните на Арктикот |
| 17:45 | Научен спектар |
| 18:10 | Светот на Биби |
| 18:55 | Бушава азбука |
| 20:45 | Преспав – серија |
| 23:20 | Претстава |

### ТЕЛМА
вести 12:30 15:30 18:30

| | |
|---|---|
| 07:55 | 90 минути |
| 10:50 | Еуро фокус |
| 12:45 | Телма Амбуланта |
| 16:15 | Црвена линија |
| 17:30 | Велвет – серија |
| 19:15 | Топ Тема |
| 20:35 | Топло – ладно – серија |
| 22:15 | Наркос – серија |
| 23:15 | Змии во авионот – филм |

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:55 | Здраво Македонијо |
| 10:00 | Ние и вие |
| 18:40 | Само вистина! |
| 19:40 | Огледало – серија |
| 20:45 | Вести - Корона во Македонија |
| 21:00 | Забранетото јаболко – серија |
| 22:00 | Тажна жена – серија |
| 23:00 | Бекстејџ |
| 23:30 | Забранетото јаболко - серија |

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07.00 | Македонија денес |
| 10.15 | Фактор Здравје |
| 11.00 | Во Тек |
| 15.15 | Столици |
| 16.00 | Очи в очи |
| 17.45 | Отворено Студио |
| 20.40 | Столици |
| 22.45 | Патот до успехот |
| 23.20 | Женски Рај - серија |

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06.45 | Ја сакам Македонија |
| 11.20 | Македонски стари приказни |
| 12.10 | Практична жена |
| 17.00 | Брза кујна |
| 17.50 | Се или нешто |
| 19.40 | Истанбулска невеста – серија |
| 21.00 | Другото име на љубовта – серија |
| 22.00 | Близнаци – серија |
| 23.35 | Полицајци почетници – серија |

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07:00 | Документарна програма |
| 08:00 | Нов ден |
| 11:15 | Со стил |
| 16:40 | Попладне |
| 17:25 | Бескрајна лубов - серија |
| 17:50 | Прости ми – серија |
| 19:45 | Држиме за рака - серија |
| 20:45 | Мојата керќичка - серија |
| 22:00 | 360 степени - со В. Попетревски |

### HBO



ВЕСТВОРЛД 20:00

| | |
|---|---|
| 06:00 | Опаку наопаку |
| 07:35 | Современо семејство XI |
| 07:55 | Младиот Шелдон III, еп. 13 |
| 08:20 | ВОЛШЕБНИ ПРИКАЗНИ |
| 10:00 | Пингвини |
| 11:20 | Перси Џексон: Море од чудовишта |
| 13:05 | Капетанка Марвел |
| 15:10 | Човек-пајак: Далеку од дома |
| 17:20 | Подивување: Тотален хаос |
| 19:05 | Раскажи ми приказна II |
| 20:00 | Вестворлд |
| 21:00 | Ти бркаш! |
| 22:40 | Црна крв |
| 01:15 | Лаги и кражба |

### HBO 2



ИНТЕРВЈУТО 22:00

| | |
|---|---|
| 06:00 | Ромео и Јулија: Повеќе од зборови |
| 07:35 | Алфа |
| 09:10 | Сара Силверман: Ние сме чуда |
| 10:05 | Најдобрите часови |
| 12:05 | Во потрага по Аљаска, еп. 1 |
| 13:30 | Потрагата по Немо |
| 15:10 | Барајќи ја Дори |
| 16:50 | Убавицата и sверот |
| 19:00 | Пристаништето II, еп. 1 |
| 19:55 | Аладин |
| 22:00 | Интервјуто |
| 23:50 | Статусот на Бред |
| 01:30 | Ферел излегува на теренот |



HBO

### ЦРНА КРВ

Филмот раскажува приказна за еден рудар во рудник за сребро кој почнува да работи со нафта, во безмилосната потрага по богатство, за време на нафтениот бум во Јужна Калифорнија во доцниот 19-ти и раниот 20-ти век. Во филмот играат Дениел Деј Луис и Пол Дано.Обемен еп за семејството, верата, моќта и нафтата, „ЦРНА КРВ“ е поставен за време на калифорнискиот нафтен бум, на преминот помеѓу два века. Приказната го прикажува животот на извесен Даниел Плејнвју (Даниел Деј Луис), кој се трансформира себеси од обичен рудар во рудник за сребро и самохран татко на син во нафтен тајкун кој успева сам.Кога Плејнвју добива мистериозна информација дека постои еден мал град на западот, каде што океан нафта тече од земјата, тој се упатува таму со својот син Х. В. (Дилон Фризиер) за да си ја испроба својата среќа во правливиот Литл Бостон. Во овој беден мал град, каде што главната возбуда се врти околу црквата на харизматичниот проповедник Ели Сандеј (Полн Дано), Плејнвју и Х. В. ја бараат својата шанса за успех.

### УБАВИЦАТА И SВЕРОТ



HBO 2

Приказната и ликовите што ги познавате и ги сакате спектакуларно оживуваат во оваа адаптација на анимираната класика на „Дизни“, „Убавицата и sверот“, филм што ни ја прикажува една од омилените приказни. Доживејте го фантастичното патување на Бел (Ема Вотсон), паметна, убава и независна млада жена која е заробена од sверот (Ден Стивенс) во неговиот замок. И покрај нејзиното стравување, таа се спријателува со маѓепсаната послуга на замокот и учи да гледа подалеку од одвратната надворешност на sверот, откривајќи го нежното срце на вистинскиот принц што лежи во него.

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.



• Во добро расположение сте, нема причина да ги избегнувате „љубовните сигнали“. Дозволете си некоја омилена забава. Имате добра проценка на разните можности што се пред вас. Задачите ќе бидат едноставни, но многубројни. Некои од нив ќе бидат непознати за вас и ќе ве интересираат. Ќе добиете добар приход за вашите напори.

**Бик**
21.4 - 20.5.



• Денот е поволен за вљубените и за оние кои се во врска. Убавите моменти со партнерот и многу пријатни изненадувања се работите кои може денес да ги очекувате. Слободните припадници на овој знак ќе уживаат во љубовните понуди. Променете ги методите ако работите не успеат за првпат. Добијте помош таму каде што порано не сте побарале.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.



• Вашата интуиција е силна и ќе ви каже кој ве поддржува и кој се обидува да ве спречи. Можна е мала кавга со пријатели, тоа негативно ќе влијаат на вашата самодоверба. За среќа, ова чувство ќе биде невистинито и ќе трае кратко. Ви делува дека вашиот партнер е претерано ладен, а тоа не ви се допаѓа. Прашајте го во што е проблемот, и разрешете ги сомнежите.

**Рак**
22.6 - 22.7.



• Време е за ново вљубување. Овој пат, во себеси! Денес насочете го фокусот кон себе и покажете си малку љубов, доволно трчавте за да ги усреќувате другите. Направете си третман на лицето, имајте долг тренинг кој ќе ве врати во фит форма, пригответе си го омиленото јадење. Со возбуда ќе дочекате новост која ќе ве израдува и ќе ве увери дека сè ќе биде во ред.

**Лав**
23.7 - 23.8.



• Немојте да давате излитени или големи ветувања на саканата личност. Постои можност одеднаш да го промените своето мислење. Повеќето работи ги завршувате самостојно и во склоп на личните интереси. На средба со саканата личност делувате напнато, бидејќи многу работи одеднаш ве измачуваат. Постојат различни недоразбирања помеѓу пријателите, но крајот од денот ќе ги реши.

**Девица**
24.8 - 23.9.



• Подгответе се да ја освоите поддршката од една Вага бидејќи очекувате да ви помогне во работата која може да ви донесе голема популарност. Се трудите да бидете фер кон своите, но сепак вашите интереси ги ставате на прво место. Ќе мора да почнете да возвраќате на љубовта и наклонетоста на партнерот. Тоа е единствениот клуч за здрава врска.

**Вага**
24.9 - 23.10.



• Можеби имате повеќе идеи, но никогаш не сте одлучни за изборот кој треба да го направите во врската. Здравиот однос напредува кога има баланс во донесувањето одлуки, но во вашата личност постои конфликт. За да не се создаде голем јаз помеѓу односите, потребно е да се каже проблемот и да се избегнат непотребните недоразбирања.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.



• Премногу се грижите за другите и нивните проблеми, па одвојте време и за вас. Денес немојте да ги преминувате вашите граници. На работното место ќе ја довршите работата од вчера и ќе бидете задоволни од резултатот. Доколку сте во врска, внимавајте на рамнодушноста. Ова прави да изгледате како да не ви е грижа за партнерот.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.



• Бидејќи нема да имате некоја среќа во функционирањето на материјален план ќе се ориентирате на работи кои ќе ви помогнат убаво да се чувствувате. Некои претставници ќе уживаат во гледањето на некој нов филм, некои ќе медитираат, а пак некои ќе пишуваат песни. Време да излезете од минатото и да размислите за подобра иднина.

**Јарец**
22.12 - 20.1.



• Загрижени сте за некои проблеми кои ве следат од поодамна. Време е да им се посветите. Партнерот ќе ви помогне да ги разрешите сите нешта кои ве мачат. Заедничкии решете ги проблемите. Иако времето го поминувате дома, ве очекуваат многу обврски и стрес. Сепак, уживате во новонастанатата опуштена атмосфера во семејството.

**Водолија**
21.1 - 18.2.



• Денес би можеле да дојдете до поголема заработувачка. Овој ненадеен добиток ќе ве изненади и израдува. Имате желба да го поделите со драга личност. Денес многу припадници на овој знак ќе се насочат кон спортските активности или некое друго хоби. Доколку сте вљубени, партнерот исто така ќе има посебно место денес. Сакате да обедините сè што ви прави задоволство.

**Риби**
20.2 - 20.3.



• Денес ќе бидете навистина ефикасни и ќе се ослободите од сето она што ви е непотребно. Искористете ја мотивацијата и размислете за плановите во иднина. На работното место држете се до своето и денот ќе помине добро. На поле љубов ви треба стабилност, но ова не ви овозможува да уживате во сегашноста. Секогаш е добар избор да ги решите вашите проблеми со партнерот, а не да се отуѓувате од него.

комерцијална банка ад скопје

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Комерцијална банка АД Скопје ги известува своите акционери дека врз основа на Уредба со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија (Сл. весник на РСМ бр.79/2020), одржувањето на Собранието на Банката, закажано за 02.04.2020 година, се одложува за време на траењето на вонредната состојба.

Исто така, известуваме дека врз основа на препораките на Комисијата за хартии од вредност на РСМ за учество и гласање на Собранието по пат на писмена кореспонденција, заклучно со 27.03.2020 година, 52,92% од акционерите гласале за предложените одлуки од Дневниот ред на Собранието.

По завршување на вонредната состојба Комерцијална банка АД Скопје ќе објави нов датум на одржување односно продолжување на закажаното Годишно собрание.

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат сите непосредни соседи на ул. Пандил Шишков бр. 1, 3, 5 и 7 во општина АЕРОДРОМ (КП 755/78 КП 765/84, КП 765/83, КП 765/82 КО КиселаВода 2) во Скопје на г.п. 7,1 ДУП Детален урбанистички план за црква УЕ Б во Аеродром Скопје и се повикуваат доколку се заинтересирани да извршат увид во постапката во Одделението за урбанизам и подготовка на урбанистички планови при Општина Аеродром, дека на ден 26.03.2020 година, донесено е Одобрение за градење на Станбена Зграда А2 од Втора категорија, на ул.Пандил Шишков бр.1, 3, 5 и 7 во општина АЕРОДРОМ (КП 755/78 КП 765/84, КП 765/83 , КП 765/82 КО Кисела Вода 2 во Скопје на г.п. 7,1 ДУП Детален урбанистички план за црква УЕ Б во Аеродром Скопје. Согласно законската регулатива, доколку сте заинтересирани можете да извршите увид во постапката за издадено Одобрение број УП1 20-20 од 26.03.2020 година во одделението за урбанизам и подготовка на урбанистички планови при Општина Аеродром. Доколку не се јавите или не назначите полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуални негативни последици сами ќе сносите.

**Општина Аеродром**

НОВОГРАДБА www.novogradba.mk
02/2627-632, 02/2634-395 , 076/494-014
Продажба на:
-станови во градба
до Мерцедес, Скопје
двособни од 44-59м²
трособни од 69-80м²



Поволна цена, со попуст

Ова е место за вашите
**мали огласи**
купи, продај, барај, најди...
По цена од само
**240 денари**
неделно
Информации на телефон
389 **02 55 11 763**

• **СЕРВИСИРАЊЕ** на сите видови машини за перење садови, бојлери и шпорети сите видови фрижидери , климатизери и хемиско чистење на климатизери какои други електрични апарати.
✆ 077/834-992

literatura.mk




СО ПРОМОТИВНА ЦЕНА ВО СИТЕ ПРОДАЖНИ МЕСТА НА **СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.**
*Акцијата почнува од 1 април.

**Конкурс за прием на ученици во јавните ученички домови во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021**

Врз основа на член 27 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 20/2019), Правилникот за начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови („Службен весник на Република Македонија“ број 55/10, 49/11, 50/15, 59/16, и 41/17) и Правилникот за начинот на остварување на правото за сместување во ученички дом за учениците во спортска академија бр.20-6066/1 од 22.3.2016 година, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА распишува

# К О Н К У Р С
## за прием на ученици во јавните ученички домови во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година

Во учебната 2020/2021 година во јавните ученички домови ќе се примат за сместување и исхрана ученици од средното образование и тоа:

| Ред. број | УЧЕНИЧКИ ДОМ | ГРАД/ОПШТИНА | Број на легла Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | "Мирка Гинова" | Битола | 310 |
| 2 | "Лазар Лазаревски" | Велес | 221 |
| 3 | "Бранко Станоевиќ" | Гостивар | 230 |
| 4 | "Крсте П. Мисирков" | Кавадарци | 80 |
| 5 | "Проф. Мијалковиќ" | Куманово | 120 |
| 6 | "Митко Пенџуклиски" | Кратово | 33 |
| 7 | "Боро Менков" | Крива Паланка | 54 |
| 8 | "Св.Наум Охридски" | Македонски Брод | 50 |
| 9 | "Ванчо Питошески" | Охрид | 125 |
| 10 | "Кочо Рацин" | Свети Николе | 106 |
| 11 | "Димитар Влахов" | Струмица | 96 |
| 12 | "Браќа Миладиновци" | Струга | 140 |
| 13 | "Здравко Цветковски" | Скопје | 410 |
| 14 | "Д-р Панче Караѓозов" | Скопје | 103 |
| 15 | "Св. Наум Охридски" | Скопје | 65 |
| 16 | "Димитар Влахов" ЗРО | Скопје | 90 |
| 17 | "Партенис Зографски" | Скопје | 220 |
| 18 | "Искра" | Штип | 100 |

Првенство при прием на ученици во јавните ученички домови ќе имаат ученици запишани во I, II, III или IV година во Државното средно училиште Спортската академија во Скопје и дисперзираните паралелки на ова училиште во другите градови на Република Северна Македонија.

### I. УСЛОВИ ЗА ПРИЕМ

**Право на прием во јавните ученички домови имаат ученици кои ги исполнуваат следните услови:**

1. Да се запишани како редовни ученици во средното образование во учебната 2020/2021 година;
2. Да се државјани на Република Северна Македонија;
3. Да се запишани на наставен план и програми кои не се застапени во општината/регионот односно градот Скопје каде ученикот има постојано место на живеење;
4. Училиштето во кое ученикот е запишан да е одалечено најмалку 25 километри од постојаното место на живеење и да има организирано јавен превоз;
5. Училиштето во кое ученикот е запишан да е одалечено најмалку 10 километри од постојаното место на живеење и нема организирано јавен превоз.

**I. 1.**

**Право на прием во јавните ученички домови имаат ученици запишани во Спортската академија во Скопје, кои ги исполнуваат следните услови:**

1. Да се запишани како редовни ученици во Спортската академија во Скопје во учебната 2020/2021 година;
2. Да се државјани на Република Северна Македонија;
3. Да се со место на живеење различно од местото во кое е Спортската академија и ако во општината/регионот во кое ученикот живее не се реализира наставен план за спорт за кои ученикот е запишан.

**I. 2.**

**Учениците кои се со место на живеење различно од местото во кое е спортската академија и ако во местото во кое ученикот живее не се реализира наставен план за спорт за кој ученикот е запишан, може да конкурираат доколку:**

- има потреба од тренинзи на ученикот по избраниот спорт, за што доставува потврда од спортската академија во која е запишан,
- ученикот е член на национална спортска репрезентација по избраниот спорт, за што доставува потврда од националната спортска репрезентација во која е член, и/или
- родителот, односно старателот во текот на школувањето на ученикот, го сменил местото на живеење, односно местото на престојување, за што доставува соодветен доказ од надлежен орган на управата.

### II. НАЧИН И РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Учениците кои се пријавуваат на Конкурсот треба да пополнат електронска пријава поставена на интернет порталот www.konkursi.mon.gov.mk.

Учениците може да конкурираат за прием во дом со наведување на името на ученичкиот дом и како алтернатива на друг ученички дом со наведување на називот на домот доколку во првоизбраниот дом бидат пополнети сите места.

Учениците кои електронски се пријавиле повеќе пати, за валидна ќе се смета последната пријава, пред доставувањето на потребните документи од Глава III.

Рокот за електронското пријавување на учениците кои се запишани во II, III, IV година почнува од 24.6.2020 година и трае до 1.7.2020 година.

Рокот за електронското пријавување на учениците кои се запишани во I-ва година почнува од 2.7.2020 година и трае до 9.7.2020 година.

Учениците, кои имаат поднесена електоронска апликација комплетната документација ја доставуваат од 4.7.2020 година до 15.7.2020 година, во ученичкиот дом во кој се пријавиле за сместување.

Учениците со посебни образовни потреби кои се сместуваат во домовите „Искра” Штип, „Партенија Зографски” Скопје, „Димитар Влахов“ Скопје и „Свети Наум Охридски” Скопје, не пополнуваат електронска пријава и документацијата ја доставуваат во во ученичкиот дом во кој се пријавиле за сместување од 10.7.2020 година до 20.7.2020 година.

По објавување на списоците со рангирани ученици по домови, учениците имаат право на приговор во рок од 3 дена кој се поднесува во Министерство за образование и наука.

Доколку останат непополнети сместувачките капацитети во одреден дом, електронското пријавување ќе биде активно од 15.8.2020 година се додека има слободни места, за што Министерството за образование и наука континуирано на својата веб страница ќе објавува списоци за примени ученици по домови.

Министерството го задржува правото да ги промени наведените рокови во случај на одложување на вонредната состојба или поместување на други клучни рокови од кои зависи пријавувањето на Конкурсот. Сите промени ќе бидат објавени на веб-страницата на Министерството.

### III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

1. Идентификационен број од успешно пополнета електонска пријава
2. Барање за сместување во ученички дом;
3. Потврда од училиштето за средно образование дека е редовен ученик;
4. Копии од свидетелства за завршено образование од претходните учебни години (учениците кои се запишуваат за прв пат во задолжителното средно образование доставуваат копии од свидетелствата од VI, VII, VIII и IX одделение);
5. Изјава од родител-старател на ученикот за бројот на членови во семејството;
6. Потврди за сите остварени приходи на членовите во семејството (потврда за последно исплатена месечна нето плата, последен чек од пензија или решение за остварување на правото за користење на социјална помош), умреница за починат родител, доколку се невработени родителите да достават потврда од Агенцијата за вработување од надлежната општина; Потврда за брат/сестра (доколку е ученик/студент се доставува потврда од училиште/ факултет, доколку се вработени се доставува потврда од Агенцијата за вработување од надлежната општина, за предучилишна возраст се доставува копија од извод на родените);
7. Медицинска потврда од матичен лекар за здравствената состојба на ученикот;
8. Изјава од родител-старател на ученикот дека во целост ќе ги подмири трошоците за евентуално направените штети од страна на ученикот и
9. Копија од уверение за државјанство на Република Северна Македонија.

Потребните документи-обрасци (за точките 1, 4 и 7) за учество на Конкурсот, кандидатите може да ги добијат во јавните ученички домови и на официјалната интернет страна www.mon.gov.mk, каде е објавен Конкурсот.

Министерството за образование и наука по службена должност обезбедува податок за државјанство на Република Северна Македонија од Министерството за внатрешни работи.

**III.1**

**За редовните ученици запишани во спортска академија:**

1. Идентификационен број од успешно пополнета електонска пријава
2. Барање за сместување во ученички дом;
3. Потврда од Спортската академија дека е редовен ученик (за ученици од втора, трета и четврта година средно образование, а учениците кои се запишуваат за прв пат во спортска академија оваа потврда ќе ја достават по уписот во спортската академија);
4. Изјава од родител-старател на ученикот дека во целост ќе ги подмири трошоците за евентуално направените штети од страна на ученикот и
5. Доказ за државјанство на Република Северна Македонија.

Потребните документи-обрасци (за точките 1 и 3) за учество на Конкурсот, кандидатите може да ги добијат во јавните ученички домови и на официјалната интернет страна www.mon.gov.mk, каде е објавен Конкурсот.

**Учениците запишани во Спортската академија во Скопје кои конкурираат согласно точка I.2 од овој Конкурс дополнително доставуваат:**

1. Потврда од спортската академија дека ученикот има потреба од тренинзи на ученикот по избраниот спорт;
2. Потврда од националната спортска репрезентација дека ученикот е член, и/или
3. Доказ од соодветен орган дека родителот, односно старателот во текот на школувањето на ученикот, го сменил местото на живеење, односно местото на престојување.

Министерството за образование и наука по службена должност обезбедува податок за државјанство на Република Северна Македонија од Министерството за внатрешни работи.

### IV. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПРИЕМ

Начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови, како и условите за сместување и исхрана се регулираат согласно Законот за ученичкиот стандард и Правилникот за начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови.

**Комисијата од член 10 став 2 на горенаведените правилници е должна да:**

- ја провери поднесената документација;
- го утврди списокот на примени ученици во домовите;
- разгледа приговори;
- го утврди конечниот список на примени ученици во домовите;
- утврди дали наставните планови и програми на кои се запишал ученикот-кандидат се изучуваат во општината, односно регионот од каде што доаѓа ученикот-кандидат (со исклучок на учениците со посебни образовни потреби);
- за учениците запишани во спортска академија да изврши проверка дали во општината, односно регионот во кој живее ученикот не се реализира наставен план за спорт за кој ученикот е запишан;
- изготви ранг-листа на пријавените кандидати со точно пресметани бодови (со исклучок на учениците со посебни образовни потреби и учениците од Спортската академија), при што максималиот број на бодови да изнесува 100, од кои кандидатот може да оствари најмногу 40 бодови за остварениот општ успех наведен во сведителствата од претходните учебни години (за ученици од I година се зема остварениот успех од VI, VII, VIII и IX одделение), до 25 бодови за оддалеченоста од местото на живеење до местото на школување, до 10 бодови за примерно поведение на кандидатот од претходните учебни години, до 25 бодови за вкупно остварените приходи од потесното семејство на кандидатот (последна исплатена месечна плата, пензија или социјална помош на родителите-старатели на кандидатот и слично, во однос на просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Република Северна Македонија за последните три месеци утврдена од Државниот завод за статистика);
- при изготвување на ранг листа не се бодираат учениците со посебни потреби кои конкурираат за сместување во ученичките домови за децата со посебни потреби, како и учениците од спортската академија бидејќи истите имаат првенство при сместување.
- изготви и достави до Министерот конечен список на примени ученици.

Листата на примени ученици ќе биде објавена на веб страницата на Министерството за образование и наука, како и на огласната табла на домот најдоцна до 15.08.2020 година.

Учениците, кои ќе бидат примени за сместување и исхрана во дом, сами ќе ги подмируваат трошоците за превоз од-до постојаното место на живеење.

Доколку предвидените места од II година, III година или IV година не се пополнат со ученици од соодветната година, истите може да се пополнат со ученици од I година доколку ги исполнуваат условите од овој конкурс, и обратно доколку предвидените места од I година не се пополнат со ученици, истите може да се пополнат со ученици од II година, III година или IV година доколку ги исполнуваат условите од овој конкурс.

Доколку слободните капацитети во јавните ученички домови не се пополнат и заради економска оправданост, конкурсот останува отворен за пополнување на слободните места со студенти во согласност со Правилник за начинот и постапката за прием на студентите во државните студентски домови („Службен весник на Република Македонија“ број 89/13 и 98/13).

Вселувањето на примените ученици започнува од 31 август 2020 година.

**Потребни документи:**

Барање
Изјава за бројот на членови во семејството
Изјава за подмирување на трошоците
Изјава за согласност
(овие документи може да ги најдете на веб-страницата на Министерството www.mon.gov.mk)

СП. СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
Мозаик
Понеделник 30 МАРТ 2020 | Број 1922 | Година VII |



**Прва жртва во кралските редови.**

## Од коронавирус почина шпанската принцеза Марија Тереса

• Шпанската принцеза Марија Тереса (87) од кралското семејство Бурбон-Парма починала откако се заразила со коронавирус, пренесува „Мирор“.

Братот на принцезата, 79-годишниот принц Сикстус Хенри од Бурбон-Парма, ја потврдил веста за медиумите. Марија Тереса е една од досега 5.000 починати жители во Шпанија од коронавирусот.

Родена е во 1933 година во Париз, како една од шесте браќа и сестри. Никогаш не се венчала и нема деца. Животот го поминала во Мадрид. Веста за нејзината смрт како членка на некое светско кралско семејство е објавена откако светот дозна дека и британскиот принц Чарлс е позитивен на коронавирус.

**Во карантински град.**



## Фејми Даут од „Медена земја“ снима документарец во Вухан

• Фејми Даут – еден од двајцата директори на фотографија на македонскиот документарен филм „Медена земја“, во моментот се наоѓа во Вухан, Кина, градот во кој се појави епидемијата на опасниот коронавирус.

Поводот поради кој Даут се наоѓа во жариштето на коронавирусот е снимање нов документарен филм во американско-кинеска продукција.

Тој го потврди тоа за „Само прашај“ доловувајќи ја атмосферата за тоа каков е животот во местото каде што се појави ковид-19. Градот е затворен од 28 јануари, а дури пред три дена делумно се ослободи од строгите рестрикции.

Во видеото Даут објаснува дека тој и филмската екипа се единствените странци што во моментот се наоѓаат во 11-милионскиот град, кој е затворен од 28 јануари, а се предвидува на 8 април да биде отворен.







И покрај целодневните снимања, тој во видео-јавувањето со елан пренесува како изгледа карантинот во „градот на духовите“ и што значи изолација за кинеските жители: задолжително носење маски и ракавици, танцувања на отворено за да се одржи духот и чување на сопственото и здравјето на другите.

**Жестока расправија во станот**



## Пејачката Слаѓана Милошевиќ претепана од нејзиниот партнер!

• Српската пејачка Слаѓана Милошевиќ (65) во петокот била претепана од нејзиниот 45-годишен партнер, по што тој е уапсен. Како што пишува Курир.рс, пејачката го пријавила нејзиниот партнер за семејно насилство, откако тој почнал да ја удира и да ја влече.

- Дошло до вербална расправија помеѓу нив, наводно тој грубо ја турнал додека таа била во тоалетот, таа паднала врз ВЦ-школката и машината за перење алишта. Во рацете го држела неговиот телефон, кој тој го земал, повторно ја турнал и таа паднала преку кадата, за среќа не паднала во неа - вели изворот.

На пејачката ѝ била укажана помош на Ургентниот центар и утврдени се лесни телесни повреди. Нејзиниот партнер е приведен, рекол соговорникот за Курир.рс.

Слаѓана се прослави во 80-тите со свежиот модерен звук на југословенската естрада. Таа е препознатлива по авангардниот стил што го негува, а важи и за култна личност, која ги постави новите темели на комерцијалниот електронски звук во Југославија.

**„Господ постои името ѝ е Петрунија“.**



## Награда за најдобра актерка за Зорица Нушева на Фестивал де Севиља

• Актерката Зорица Нушева освои ново меѓународно признание за својата улога во филмот „Господ постои, името ѝ е Петрунија“ на режисерката Теона Митевска.

Овој пат наградата пристигна од Фестивал де Севиља, на кој Нушева се закити со статуетка за најдобра актерка од организаторот на фестивалот.

- Ви благодарам од дното на својата душа, благодарам за оваа чест, навистина неверојатно, наградата навистина многу ми значи. Се надевам дека сите во ова време на криза сте безбедни. Да бидеме паметни, останете дома, бидете безбедни - истакна Нушева по повод добивањето на наградата.

Филмот „Господ постои, името ѝ е Петрунија“ се прослави на Берлинале и оттогаш до денес учествуваше на многу фестивали со освоени голем број награди. Во моментот поради коронавирусот е откажана дистрибуцијата на филмот во Јапонија, која е одложена за април кога се очекува и неговата тамошна премиера.

**Актерката Ана Костовска од државниот карантин.**

# Ова за мене е потврда дека можам да верувам на планот на одговорните во градов и државава

**Дечки, конечно добив машина и можам на раат да напишам што имам на ум, а можеби некому ќе биде од полза..., ја започнала Костовска приказната од карантинот.**



Познатата актерка и пејачка Ана Костовска на социјалните мрежи раскажа за своето патување од Белград до Скопје и за нејзиното сместување во, како што вели, „фамозниот“ државен карантин во хотелот „Ибис“.

Во прилог, Фејсбук-статусот на актерката Костовска.

*„Дечки, конечно добив машина и можам на раат да напишам што имам на ум, а можеби некому ќе биде од полза, да донесе одлука или да процени во врска со прашања што сите нè засегаат.*

*Трет ден се наоѓам во хотелот 'Ибис' во центарот на Скопје, во т.н. државен карантин. Ќе бидам тука уште (14-3) 11 дена, сама, во удобна и опремена соба, ТВ, интернет, сет на средства за чистење, маски, гел, три оброци дневно, секојдневно мерење на температурата, дозвола да ми се донесат работи што ми недостасуваат (со забрана за алкохол, фаст-фуд итн). Така, јас денес добив лаптоп, слатки, овошје, сокчиња, дури и една кока-кола (имам добар син, а и брат, тешко кој го нема, Боже чувај ги и сите вас што ве знам и што не ве знам)...*

*Заборавам на сè лошо во земјичево наше и ми навираат само убавите работи, луѓе, места, води и планини... Нејсе, патувањето од Белград до Табановце беше стресно, ризично, неизвесно. Имав гаранција од релевантен фактор дека на граница ќе потпишам самоизолација и ќе ме пуштат дома, но информацијата беше погрешна, односно, со оглед на тоа дека работите се менуваат од час во час, очигледно беше сменета. Заправо, од пред, еве, три дена, нема можност за САМОИЗОЛАЦИЈА, туку се оди во ДРЖАВЕН КАРАНТИН...*

*Приказните околу тој фамозен државен карантин, кои ги слушав во Србија, а следев и што се случува во Македонија, беа застрашувачки - стационар, кампови, логори, од страшно пострашно... Неколкуте часови што ги поминав на граница во мала просторија (со мене беше Влатко од Велес, со слична авантура како и мојата), беа мачни, не ни кажуваа каде ќе нè водат, но имаа милост да не нè заклучат. 'Кај ќе бегаме, бе, дечко... биди реален'.*

*Кога нè истоварија пред хотел во центар на Скопје, планина ми се симна од плеќите. Кога ја видов екипата која нè пречека на влезот, опремена, љубезни гласови зад маските, гледаш во очите дека се озбилни, но сочувствителни... Инструкции и права и обврски. Срдечен поздрав и до гледање. Секој ден ни се мери температура.*

*Муабетот ми е дека првпат откако сево ова почна, почувствував дека некоја умна глава и топло срце просудува и носи добри одлуки. Бев спремна да поднесам многу полоши услови, само да дојдам што поблиску до моите најблиски, ќе издржав и камп и не знам што... Но, ова е за мене потврда дека можам да верувам на планот на одговорните во градов и државава. Тоа луѓе, чувајте се... се гледаме, нели.“*

